**УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ**

**ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА**

Магистерски труд:

# ДИДАКТИЧКО - МЕТОДСКИ КОМПОНЕНТИ ВО УЧЕБНИЦИТЕ ПО *ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА* ВО ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Изработил
Донка Деркоска

Ментор
проф.д-р. Снежана Адамческа

Скопје 2011

# С О Д Р Ж И Н А

## I. Теоретски дел

### ВОВЕД


1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ УЧЕБНИК ---------------------------------- 7

2. ДИДАКТИЧКА ФУНКЦИЈА НА УЧЕБНИКОТ-------------------------------- 10

2.1. Дидактичка функција на учебникот поЗапознавање на оклинат-- 12

3.ДИДАКТИЧКО-МЕТОДИЧКИ ДИЗАЈН НА ПРОГРАМИТЕ ПО НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКЛИНАТА--------------- 16

3.1. Дидактичко-методички дизајн на програмите за прво одделение- 23

3.2. Дидактичко-методички дизајн на програмите за второ одделение------------------------------------------------------------------------------31

3.3. Дидактичко-методички дизајн на програмите за трето одделение------------------------------------------------------------------------------38

4. СТРУКТУРА НА УЧЕБНИКОТ------------------------------------------------ 45

5. СТРУКТУИРАЊЕ НА СОДРЖИНИТЕ----------------------------------------- 49

5.1. Структуирање на содржините во учебникот по Запознавање на оклината запрво одделение----------------------------------------------------- 49

5.2. Структуирање на содржините во учебникот по Запознавање на оклината за второ одделение--------------------------------------------------- 55

5.3. Структуирање на содржините во учебникот по Запознавање на оклината за трето одделение----------------------------------------------------60

6. ДИДАКТИЧКА АПАРАТУРА ВО УЧЕБНИКОТ --------------------------------64

7. ИЛУСТРАЦИИ ВО УЧЕБНИКОТ ----------------------------------------------69

7.1.Илустрации во учебникот по Запознавање на оклината-----------72


## II. Методологија на истражувањето


1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО---------------------------------------------81

2. ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО-------------------------------------82

2.1. Задачи на истражувањето---------------------------------------------------83
3. ХИПОТЕЗИ-------------------------------------------------------------------------84
3.1. Генерална хипотеза-----------------------------------------------------------84
3.2. Помошни хипотези -------------------------------------------------------------85
4.ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО -------------------------------------------86
5. ПРИМЕРОК -------------------------------------------------------------------------86
5.1. Опис на субпримероците -----------------------------------------------------87
6. КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ------------------------------------------89
7. МЕТОДИ И ТЕХНИКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ---------------------------90
7.1. Техники на истражувањето --------------------------------------------------91
8. ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО -----------------------------------92
8.1. Опис на инструментите -------------------------------------------------------93
9. ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ----------------------------------------------94

**III. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ**

1.Анализа и интерпретација на резултатите од анкетните листови наменети за наставниците -------------------------------------------------------97
2. Анализа и интерпретација на резултатите од анкетните листови наменети за учениците ------------------------------------------------------------136

**IV. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА** ---------------------------------------------------162

- Предлози и сугестии--------------------------------------------------------164

**V. ПРИЛОЗИ** ----------------------------------------------------------------------- 166

**VI. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ---------------------------------------------------175

# ВОВЕД

Брзиот општествен развој ја налага потребата од изработка на квалитетен учебник, кој што треба да биде дидактичко-методски обликуван.

Во нашата држава концепцијата за изработка на учебник има законска основа, а исто така поаѓа и од достигнувањата и искуствата во областа на педагогијата, дидактиката, развојната психологија, науката за јазикот и другите научни дисциплини кои се поврзани со значајната улога на учебникот во наставата и учењето.

Во процесот на наставата и учењето секој учебник што се користи треба да поаѓа од определени стандарди, кои што се однесуваат на избор на соодветни компоненти во изработката на учебникот.

Учебникот треба да се заснова на научно-стручни и методолошки основи, да се почитуваат воспитно-образовните функции, со учебникот ученикот да се мотивира за самостојно учење, да се почитуваат дидактичко-методските стандарди и стандардите за јазикот.

Во процесот на наставата учебникот претставува извор на знаења и дидактички обликувано наставно средство што се користи за постигнување на воспитно-образовните цели. Со примената на учебникот во наставата се развиваат способностите кај учениците во областа на когнитивното, афективното и психо-моторното подрачје.

Современиот општествен развој и примената на информатичката технологија и разновидните мултимедијални извори на знаења што се користат во наставата не ја намалуваат улогата на учебникот како извор на знаења и тој се користи во различни етапи на воспитно-образовниот процес.

Со новата концепција за деветгодишно основно образование настануваат промени и во наставните планови и програми кои што треба да се реализираат во училиштата.

Како резултат на транзициониот период во нашата земја настанаа промени и во областа на воспитно-образовниот систем. Основното образование е уредено со Законот за основно образование , тоа е задолжително и достапно за сите деца, така што во овој период се трансформира од осумгодишно во деветгодишно основно образование со три периоди. Наставата и другите облици на воспитно-образовна работа во училиштето е бесплатна.

Според Законот за основно образование постои усогласеност помеѓу општините и државата во поглед на финансирањето , така што општините можат да основаат основни училишта по предходно добиено мислење од Министерството за образование.

Системските промени во нашата држава резултираат промени и во поглед на надминувањето на слабостите во пишувањето и одобрувањето на ракописите на учебниците за употреба во основните училишта.

Кога ќе направиме споредба со развиените земји кај нив секое училиште има обврска да создава свој фонд на учебници се со цел учениците да можат да ги позајмуваат од училиштето и да ја реализираат наставата.

Со настанатите системски промени кај нас Министерството за образование по предлог на Бирото за развој на образованието изготви Концепција за учебник и Методологија за вреднување на учебник. Сето ова треба да придонесе да се надминат слабостите во пишувањето и одобрувањето на ракописите на учебниците кои треба да помогнат во реализација на наставата во училиштата.

Во првиот период од I до III одделение според новите наставни планови и програми се изучува наставниот предмет Запознавање на околината кој во осумгодишното основно образование се изучуваше во одделенска настава како Запознавање на природата и општеството.

Од сето ова произлегува согледувањето на дидактичко-методските компоненти на учебниците по Запознавање на околината во деветгодишното основно образование, во првиот период кога што се изучува овој наставен предмет. Така што ќе се согледа структурата на содржините во учебниците по **запознавање на околината**, дидактичко-методската соодветност, ќе се согледа дидактичката апаратура и илустративните компоненти.

Според концепцијата за изработка на учебник и негово вреднување потребно е да постои усогласеност на содржините во учебникот со наставната програма.

Усогласеноста на содржините во учебникот се согледува во реализацијата и постигнувањето на целите дефинирани со програмаата. Тргнувајќи од поставените цели во наставната програма, во учебникот треба да има предвидено содржини кои ќе бидат во согласност со фондот на наставните часови предвидени со наставната програма по соодветен наставен предмет, да се внимава на темите (подрачјата) што се обработуваат и поимите што се изучуваат.

[1]"При изборот на содржините мора да бидат застапени принципите на рационалност и економичност, што подразбира избор на соодветни содржини ( по обем, стил и јазик ) на возраста на учениците на кои што им е наменет учебникот. "

Според наставната програма со помош на учебникот треба да се овозможи систематско воведување на учениците во

[1] Министерство за образование и наука, биро за развој на образованието, ( 2008 ), *Методологија за вреднување на учебниците за основно и за средно образование*, Скопје.

материјалот, да се применуваат интерактивни методи на работа и да постои корелација со сродни наставни предмети, да се користат и други извори на знаења и да се применува стручна терминологија.

Во поглед на структурата на содржините во учебникот потребно е учебникот да има вовед во кој што ќе постои упатство за користење на учебникот и содржина на учебникот.

[2]" Поглавја ( според темите, односно компонентите на наставната програма), содржини ( развиени од авторот согласно целите во програмата ) кои што ќе вклучуваат автентичен наративен дел, примери, заклучоци, прашања и задачи и ќе посочуваат на дополнителни извори за поимите, односно стручните термини што се обработуваат, како и за продлабочување на знаењата ( електронски содржини, веб-страници, текстови, фотографии, цртежи и табели, графикони, објаснување на непознати зборови и друго)."

При изработката на учебникот потребно е да се поаѓа од современите достигања во соодветна научна област.

[2] Министерство за образование и наука, биро за развој на образованието, ( 2010 ), *Концепција за изработка на учебник и методологија за вреднување на учебник* ,ММ Марија Доел, Скопје.

# I.ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП НА ПРОБЛЕМОТ

## 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ УЧЕБНИК

Учебникот се користи како наставно средство во воспитно-образовниот процес.

Учебникот , кога го посматраме како објект поминал долг пат во својот историски развој, затоа што се појавил многу порано пред печатот. Тој во текот на својот историски развој поминал низ долг и сложен пат, започнувајќи од глинените плочи со сумерски наставни текстови на кој биле запишани тајни мудрости за тесен круг на одбрани луѓе , па се до учебниците кои што денес се користат во наставата.

Со педагошката проблематика, учебник се занимавале многу автори кои изнесле свои гледишта и дефиниции за учебник.

Во *Енциклопедискиот речник на педагогијата* „учебникот се третира како наставно средство во кое научно и достапно е изложено наставното градиво според наставната програма на пооделни наставни предмети кои се изучуваат“[3]. За пооделни предмети во одредено одделение постојат посебни учебници. Учебникот е еден од многу значајните извори на знаења. Во него се содржани најбитните знаења кои учениците треба да ги усвојат според соодеветната наставна програма. Изложувањето на наставната содржина од страна на наставникот и текстот во учебникот меѓусебно се надополнуваат.

Во *Педагошката енциклопедија 2* „учебникот се смета како книга во која научните или стручните содржини на корисникот се посредувани со посебно уреден дидактички инструментариум, зависно од целта на воспитанието и образованието, психофизичката зрелост на корисникот кој му се наменети посебни задачи со наставниот план и програма,

[3] (Енциклопедијски рјечник педагогије, 1963, стр. 1059)

односно училиштето или нивото на образованието"[4]. Тоа што учебникот се издвојува од редот на останатите училишни книги кои се користат во процесот на воспитание и образование се состои од фактот дека учебникот е масовна, основна и задолжителна школска книга.

Од ова произлегува дека содржините во учебникот со дидактичкиот инструментариум внимателно се приспособени според целта на воспитанието и образованието и психофизичките потенцијали на ученикот и наставниот план и програма. Констатацијата дека учебникот се разликува од другите училишни книги со неговата афирмација како масовна, основна, задолжителна книга значи ја користи цела популација ученици на ниво на држава.

Во *Педагошкиот лексикон* „ учебникот се смета како основна и задолжителна училишна книга, работена според важечкиот наставен план и програма, која што е дидактичко-методички и ликовно-графички преработена за самостојно учење"[5].

**В.Пољак** (Пољак, В., 1980, стр.29) поимот учебник го операционализира како:

- основна училишна книга, за разлика од останатите книги како дополнителна и помошна литература во текот на школувањето;
- учебникот е пишуван врз основа на пропишаниот наставен план и програма, што не е случај со останатата стручна, научна и уметничка литература;
- учебникот, учениците скоро секојдневно го употребуваат во своето школување заради образование, односно само образование, додека останатата литература ја проучуваат повремено и привремено;
- по својата основна намена учебникот треба да биде дидактички обликуван заради порационално, пооптимално,

[4] (Педагошка енциклопедија 2, 1989, стр. 472)
[5] *Педагошкиот лексикон* (1996, стр. 522)

поекономично и поефикасно образование, што не важи за останатата литература.

Со овие истакнати карктеристики се препознава содржинското одредување на поимот учебник. Покрај повеќето показатели значајно е да се напомене дека за квалитетен учебник услов е неговото дидактичко обликување.

Според Концепцијата за учебник за основно и средно образование „ учебникот се дефинира како книга наменета за самостојно учење на ученикот во која што на педагошки начин се разработени содржините од наставната програма по конкретен наставен предмет за определено одделение, односно година , содржан во наставниот план"[6].

Според Концепцијата за учебник за основно и средно образование (2006, стр.8-9) се подразбира дека учебникот за основно и за средно образование е извор на знаење и дидактички обликувано наставно средство што се користи за постигање на воспитно-образовните цели во наставата и учењето. Учебникот му овозможува на ученикот да ги постигне стандардите на знаење и да го поттикне развивањето на способностите: **во когнитивното подрачје** за разбирање и примена на знаењето, анализа, синтеза па сé до вреднување; **во афективното подрачје** за развивање на способности за прифаќање и заземање за вредности, па сé до формирање на одредени вредности на личноста; и во **психомоторното подрачје** со поттикнување осмислени активности за усвојување на вештини со користење алати, прибор, па сé до самостојно вреднување на целовита практична работа.

Во зависност од природата на наставниот предмет учебникот може да биде целовит (самостоен) или разгранет со повеќе делови (работна тетратка, збирки на задачи, односно вежби или други наставни средства), што ги налага природата на наставниот процес и учењето.

Во современата практика покрај учебникот се препорачува да се издава и методски прирачник за наставникот.

---

[6] Концепцијата за учебник за основно и средно образование (1998, стр. 3)

Во оваа комплексна дефинираност се истакнаа трите порачја когнитивно, афективно, психомоторно кои се значајни, применливи фактори во учењето на ученикот со учебник. Значајно е што се препорачува покрај издавањето на учебникот да се издава и методски прирачник за наставникот.

Според Маказлиева која зборува за современите [7]„учебници кои се разликуваат од традиционалните најмногу по својата концепција, по својата темелна трансформираност не само што преставуваат значаен извор на знаења, туку и средство за духовен и интелектуален развиток, силно мотивационо средство за развиток на способностите и поттик за креативно мислење."

## 2. ДИДАКТИЧКА ФУНКЦИЈА НА УЧЕБНИКОТ

За современиот учебник и неговата функција што ја има во процесот на воспитно-образовната работа, постојат различни свaќања изразени во ставовите од авторите што ги имаат спрема учебникот воопшто и неговата улога во процесот на учењето.

Од дефинициите за учебникот може да се согледа дека основна карактеристика се дидактичко-методичките квалитети кои го прават основен извор на знаење и наставно средство во воспитно-образовниот процес.

Во учебниците се изнесени голем број на правила и модели на однесување, за кој што возрасните сметаат дека се добри и треба да бидат прифатени од следните генерации. Со помош на учебниците , на новите генерации се пренесуваат општествени правила и норми за животот во заедница со другите луѓе.

---

[7] Маказлиева, Е. (1995), Прашањата, задачите и вежбите како дидактички компоненти за одделенската настава. Скопје: Просветно дело.стр.28-29.

Со учебникот покрај педагошката и дидактичка функција, која се постигнува со реализација на задачите и остварување на наставните цели, потребно е да се развие и естетската култура кај учениците. Така што потребно е откривање на основните и специфични законитости во обликувањето и конципирањето на учебник со кој ќе се овозможи и естетски развој кај ученикот.

Учебникот во процесот на наставата ја образува, развива и воспитува личноста на ученикот во континуитет. Во наставата се користат современи и креативни модели на наставна работа и учење. Брзиот развој придонесува користење на современа технологија во образованието. Современата образовна технологија придонесува во конципирањето на учебникот.

Оваа значајна технологија како применета наука со своите импликации развојно го унапредува и концепирањето учебник во насока на:

- следење на суштината на програмите како и нивно доусовршување;
- усовршување на концептот настава;
- максимални можности за осамостојување на ученикот;
- функционално користење разновидни извори на знаења, разновидни аудио, визуелни, аудио- визуелни средства во наставата и надвор од неа;
- креативна примена на наставни методи, принципи, модели, средства;
- примарната вредност - учењето да биде достапно за секој ученик со можност да напредува по своја оптимална мера.

Први елементи на конципирање на учебник со користење на естетски вредности се сретнува кај чешкиот педагог Јан Амос Коменски кој што прв напишал илустриран учебник, а тоа е „Сетилен свет во слики".

Коменски јасно ја формулирал тезата за научноста и постапноста во конципирањето на училишниот учебник, но исто така посочил како со

илустрации, кои што се користат како ликовни додатоци може да се подобри интензитетот на реализација на задачите во наставата.
Коменски воочил дека со помош на илустрациите се зголемува очигледноста во процесот на наставата, се зголемува емоционалноста и сетилното забележување на предметите, а тоа придонесува за поголем интерес на учениците за предметот кој што го изучуваат. Во конципирањето на учебникот покрај илустрациите, битни елементи се основните и дополнителните текстови.

## 2.1. Дидактичка функција на учебникот по Запознавање на околината

Едукативните квалитети на образовната технологија ги афирмираат дидактичките функции на учебникот. Во оваа насока ќе ги конкретизираме дидактичките функции на учебникот по **запознавање на околината** , како на пример:

- информативна функција;
- трансформативна;
- функција на систематизација;
- функција на утврдување и самопроверка,
- функција на самообразование;
- интегрирачка функција;
- координирачка функција
- развојно -воспитна функција

**Информативната функција** ја акцентира улогата на учебникот како еден од основните извори на информации, поточно информации од областа на околината..

Информациите претставуваат разновидност на факти и генерализации, детерминирани од наставниот план и програма по наставниот предмет запознавање на околината.

**Трансформативната функција** претставува преработка на научно- теоретските елементи , односно сознанија вклучени во учебникот по запознавање на околината, со наставната програма и почитување на дидактичкиот принцип достапност. Овој принцип имплицира содржините да бидат достапни и восприемливи за секоја категорија на ученици.

**Функцијата на систематизација** овозможува во учебникот по запознавање на околината да постои постапност во излагањето на наставните содржини во еден флексибилен и логички редослед.

За усвојување на наставните содржини од страна на ученикот неопходен услов е наставникот да го поттикне ученикот да го сфати, разбере и усвои логичкиот редослед и поврзаност на наставните содржини.

Значајно е да се истакне дека реализацијата на функцијата на систематизација е неопходен услов за егзистирање на другите функции на учебникот по запознавање на околината.

**Функцијата на утврдување и самопроверка** овозможува учебникот по запознавање на околината да го мотивира ученикот на активност и усвоените знаења да ги утврди и самопровери.

Самопроверката на ученикот, на изучените содржини претставува висок степен на проверување, а во тој контекст се развива и самокритичноста.

**Функција на самообразование** поттикнува љубопитност за самостојно стекнување на знаења кај ученикот, при што на час или надвор од училиште иницира потреба за планирање и реализирање на определените содржини. На ваков начин доаѓа до израз умеењето на

ученикот со наставникот заеднички да ги планираат и остваруваат програмските теми комбинирано и интегрирано.

Ученикот со оваа функција на учебникот по запознавање на околината има можност усвоените знаења и умеења практично да ги примени.

**Интегрирачката функција** ја истакнува важноста на учебникот по запознавање на околината, знаењата да се поврзат и интегрираат со други извори на знаења.

Во интегрирачките сегменти спаѓаат аудио-визуелните средствата, компјутери , енциклопедии и списанија.

Современиот учебник по запознавање на околината овозможува поврзаност на повеќе извори на знаења.

**Координирачката функција** дава можност најефикасно, најрационално користење на учебникот по запознавање на околината со сите наставни средства.

Учебникот функционира како јадро, центар околу кој се групираат и другите наставни средства.

**Развојно- воспитната функција** ја имплицира улогата на учебникот по запознавање на околината како конститутивност ја има не само образовната компонента, туку и воспитната.

Учебникот преку наставните содржини не само што дава образовни ефекти, туку и развојно воспитува. Богатството на илустрациите во учебникот овозможува да се формира естетски претстави, така што се воспитува естетскиот вкус и критериуми на ученикот. Разновидните содржини проникнуваат со своето воспитно влијание на ученикот, а придонесуваат во развивање отворена активна, флексибилна, креативна, комуникативна личност на ученикот.

**Дидактичките функции** на учебникот по запознавање на околината не се статични, тие се флексибилно и динамично меѓусебно поврзани во една целина.

Дидактичките функции меѓусебно се надополнуваат, надоградуваат и овозможуваат најцелисходна реализација на образовните, развојно-формативните и воспитните задачи на наставата по запознавање на околината.

Дидактичките функции на учебникот по запознавање на околината ја определуваат и неговата структура.

Според Хркаловиќ во концепирањето на учебникот битно е учебникот да се карактеризира со текстови, илустрации, дидактичко-методичка апаратура што ќе придонесе кај ученикот да се поттикне љубопитноста, инвентивноста, спонтано изразување на чувства, сетилни доживувања и интуиција.

Учебниците и прирачниците мора да бидат добро изработени , во поглед на општиот изглед, квалитетно одбраните и презентирани текстови и ликовните решенија или илустрациите.

Со помош на учебникот се овозможува учениците да се здобијат со потребни знаења, да развијат сопствени ставови и вредносни критериуми, да се поттикнат на творечки способности и да се развие позитивен однос спрема естетските вредности.

# 3. ДИДАКТИЧКО-МЕТОДИЧКИ ДИЗАЈН НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ПО НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА




Според новата концепција за деветгодишно основно образование изработени се нови наставни програми од страна на Бирото за развој на образованието по сите наставни предмети кои што се изучуваат во деветгодишното основно образование.

Нови наставни програм се изработени и по наставниот предмет **запознавање на околината**, кој наставен предмет се изучува во првиот период од деветгодишното основно образование.










Наставните програми по наставниот предмет **запознавање на околината** се дидактичко-методски дизајнирани така што на почетокот се целите кои што треба да се постигнат кај ученикот во соодветно одделение, потоа темите кои што е потребно да се реализираат. За секоја од темите кои содржини се изучуваат, со кои поими се сретнува ученикот и активности кои ги преземаат наставникот и ученикот и методи со кои се овозможува совладување на содржините.






1. ВОВЕД

2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД I ДО III ОДДЕЛЕНИЕ

Наставната програма за прво одделение во деветгодишното основно образование по наставниот предмет запознавање на околината најнапред се согледува законската регулатива, потоа како ***вовед*** со колку часови е застапен предметот.

Потоа наредно нешто ***се цели за развојниот период од I до III одделение,*** каде што се наброени целите кои треба да се постигнат кај учениците со реализација на содржините од наставниот предмет запознавање на околината.
Потоа трет сегмент во наставната програма претставуваат ***цели на наставата во I одделение,***


- да се поттикнува на хумани односи меѓу половите, меѓусебна комуникација и мултикултурно зближување;
- да се поттикнува за развојот на морални и патриотски чувства и развивање почит кон различните култури;
- да се поттикнува на љубопитност за светот што го опкружува;
- да се поттикнува да проучува материјали и да се воведува во организирана истражувачка работа;
- да се оспособува за користење на информатичката технологија за збогатување на искуствата и сознанијата.

**3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ОДДЕЛЕНИЕ**

Ученикот/ученичката:

- да ја запознава непосредната околина;
- да ја открива поврзаноста и зависноста меѓу луѓето, предметите и појавите;
- да споредува и да утврдува сличностите и разликите меѓу предметите и појавите;
- да се поттикнува да ги применува стекнатите знаења во нови ситуации во училишниот и секојдневниот живот;
- да се доживува себеси како единствена и неповторлива личност и да развива самодоверба;
- да се поттикнува да идентификува, да препознава и да искажува различни емоции;
- да стекнува основни културни, здравствено-хигиенски и работни навики;
- да усвојува основни правила за однесување во сообраќајот;
- да се оспособува да учествува во донесување на правила за однесување во училиштето и да се навикнува да ги почитува;
- да развива чувство за припадност на семејството, одделението, училиштето и родниот крај;
- да развива чувство на почит и љубов кон својата татковина Република Македонија;
- да се поттикнува за меѓусебно договарање, помагање и соработка со другите;
- да развива почит кон сопствената култура и културата на другите;
- да се оспособува за ориентирање и снаоѓање во просторот и времето;
- да развива интерес и желба за самостојно доаѓање до нови сознанија.

каде што се истакнати целите кои треба да се постигнат во I одделение кај учениците со ова наставна програма.

Нареден сегмент во наставната програма се ***конкретни цели*** кои треба да се реализираат со наставната програма. Прикажани се секоја тема и со колку часови е застапена, истакнати се целите кои треба да се постигнат кај учениците со помош на содржините од секоја тема , потоа содржини кои ја сочинуваат

темата, следуваат поими со кои учениците треба да се запознаат, потоа следуваат активности и методи.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА - ЈАС И ДРУГИТЕ (12 ЧАСА) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката: | | | Игра (под. „Огледало" (кој сум јас, како изгледам, што е посебно во мене и сл.). |
| • да ги знае основните податоци за себе<br>• да се доживува себеси во континуитет (Јас некогаш и сега); | Кој сум јас | Дете | Драматизации, изведување на ситуациони игри со различни улоги. |
| • да развива способности за набљудување, опишување, споредување и заклучување;<br>• да се вклучува во разговорот и за искажување свое мислење; | | Албум<br>Растам | Разгледува фотографии, зборува што носел кога бил мало бебе; што може сега, што ќе може кога ќе порасне; што не може; што не смее, се црта себеси – истражувачки активности за [illegible] |
| • да ги почитува и да ги поддржува мислењата на другите;<br>• да развива позитивна слика за себе и самодоверба;<br>• да ги открива своите интереси и да ги негува; | | Што можам<br>Што учам<br>Што не можам | Симулирање на проблемски ситуации.<br>Покажува, раскажува, илустрира, разгледува сликовници, драматизации.<br>• прави порака (цртеж, белег) со порака за себе;<br>• зборува за тоа што го плаши, што го прави среќен, што го лути. |
| • да развива самостојност;<br>• да учи да препознава и искажува различни чувства кај себе;<br>• да развива навики за културно однесување; | Јас со другите | Љубов, радост, тага, страв | Кажува што може сам да направи (да се облече, да купи нешто).<br>Илустрира кратки приказни, прави албум за чувства, раскажување случки.<br>• Искажување на чувства преку експресии (пантомима), драматизации. |
| • да воочува различни сличности меѓу себе и другите;<br>• да ги почитува другите и да ги прифаќа нивните различности од себе;<br>• да се оспособува да решава елементарни конфликти со мала помош на возрасните; | | Другарство | Симулации, драматизации, игри на улоги, социјални игри (за генерација, игри за доверба).<br>• [illegible] |

Нареден сегмент во наставната програма се ***дидактички препораки*** во кои се содржани насоки за меѓупредметно поврзување, затоа што содржините од наставниот предмет запознавање на околината даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, ликовно, музичко и физичко образование.

Во овој сегмент се содржани и препораки за користење на годишниот фонд на часови.

Содржани се и наставните средства со кои се овозможува полесно совладување на наставните содржини какошто се: непосредната околина, дидактички средства и материјали, куклен театар, визуелни средства, сликовници , енциклопедии и списанија, интернет, образовни софтвери и аудио-визуелни средства.



## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Насоки за меѓупредметно поврзување

- *Наставните содржини на предметот запознавање на околината даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, ликовно, музичко и физичко образование.*

Препораки за користење на годишниот фонд на часови

Поставените цели во наставните теми даваат можност за самостојно планирање и реализација на содржините, во согласност со потребите на учениците и почитување на принципот на актуелизација во наставата.

Во графата „Активности и методи" дадени се дел на активностите за успешно постигнување на целите кои можат да се дополнуваат.

Наставни средства:

- непосредната околина - предмети и појави во природата, како и појави во општеството и односите меѓу луѓето;
- дидактички средства и материјали;
- куклен театар;
- визуелни средства (слики, апликации, фолии, паноа, огласни табли, модели, макети);
- сликовници, енциклопедии, списанија и сл.;
- Интернет, образовни софтвери;
- аудио-визуелни средства (графоскоп, дигитален фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер, ЛЦД проектор и други средства)

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување).

Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

Начини на проверување и оценување:

- описно оценување:
  - опсервација на детето- ученик;
  - разговор - како начин на изразување;
  - мотивација, интереси, активности;
  - водење на развојно и аналитичко портфолио за секое дете - ученик;
  - користење на евидентни и чек листи, анегдотски белешки, студии на случај;
  - детски изработки поединечни, групни.

На крајот на годината се изведува сумативна описна оценка.

Нареден сегмент во наставната програма е ***оценување на постигањата на учениците*** , така што во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците. Оценувањето е описно и ученикот се опсервира, се разговара, се мотивира, се воид развојно и аналитичко портфолио, се користат евидентни и чек листи, анегдотски белешки и студии на случај, се проверуваат детските изработки поединечни и групни и на крајот се изведува сумативна описна оценка.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за I одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-4061/1 од 31.05.2007 година.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во прво одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- » педагошки факултет - професор по предучилишно воспитание;
- » Педагошки факултет - професор за одделенска настава;
- » Филозофски факултет - Институт за педагогија, дипломиран педагог.

## 9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ЈА ИЗРАБОТИ СТРУЧНИОТ ТИМ:

1. Даница Талимџиоска, самостоен педагошки советник за одделенска настава, БРО- Прилеп
2. д- р Билјана Камчевска, доцент, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски"- Скопје
3. Светлана Брашнарска, самостоен педагошки советник за биологија - Скопје
4. Суби Ајро, педагошки советник за одделенска настава БРО - Струга
5. Александра Митровска, воспитувач - ОУ „Св. Климент Охридски" с. Драчево - Скопје
6. Лидија Нарашанова - Смилевска, наставник ОУ „Кочо Рацин"- Скопје
7. Мира Георгиевска, воспитувач ЗДГ „8 Март"- Скопје

Составен дел на наставната програма се: ***просторните услови за реализација на наставната програма*** кои се засноваат на нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставни средства за I одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение.

Сегмент на наставната програма претставува и ***норматив за наставен кадар*** според кој се согледува, лице со кое образование може да ја изведува воспитно-образовната работа.

Сегмент на наставната програма е и тимот што ја изработил ***наставната програма ја изработи стручниот тим***.

## 10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по запознавање на околината за прво одделение во деветгодишното основно образование ја донесе:

Министер
Сулејман Рушити (с.р.)

на ден 21.06. 2007 година
(решение бр. 10 – 1009/2)

Дел од наставната програма е: ***решение и датум на донесување на наставната програма*** , според кој се согледува кога е донесена наставната програма и број на решение на донесување.

## 3.1. Дидактичко-методички дизајн на наставните програми по наставниот предмет Запознавање на околината за прво одделение






**10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

Наставната програма по запознавање на околината за прво одделение во деветгодишното основно образование ја донесе:

Министер

Сулејман Рушити (с.р.) на ден 21.06. 2007 година (решение бр. 10 – 1009/2)



**7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за I одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-4081/1 од 31.05.2007 година.

**8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР**

Воспитно-образовната работа во прво одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- педагошки факултет - професор по предучилишно воспитание;
- Педагошки факултет - професор за одделенска настава;
- Филозофски факултет - Институт за педагогија, дипломиран педагог.

**9. НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ЈА ИЗРАБОТИ СТРУЧНИОТ ТИМ:**

1. Даница Толинчовска, самостоен педагошки советник за одделенска настава, БРО- Прилеп
2. д-р Билјана Камчевска, доцент, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски"- Скопје
3. Светлана Брашнарска, самостоен педагошки советник за биологија - Скопје
4. Ќуби Ајро, педагошки советник за одделенска настава БРО - Струга
5. Александра Митровска, воспитувач - ОУ „Св. Климент Охридски" с. Драчево - Скопје
6. Лидија Нарашанова - Скилевска, наставник ОУ „Кочо Рацин"- Скопје
7. Мира Георгиевска, воспитувач ЈДГ „8 Март"- Скопје

Во наставната програма за прво одделение во деветгодишното основно образование по наставниот предмет запознавање на

околината најнапред се согледува законската регулатива, потоа како прво вовед со колку часови е застапен предметот.

Според наставната програма цели кои што треба да се постигнат во наставата со наставниот предмет **запознавање на околината** во I одделение се:

Ученикот / ученичката

- да ја запознаат непосредната околина;
- да ја откриваат поврзаноста и зависноста меѓу луѓето, предметите и појавите;
- да споредуваат и утврдуваат сличности и разлики меѓу предметите и појавите;
- да се потикнуваат да ги применуваат стекнатите знаења во нови ситуации во училишниот и секојдневниот живот;
- да се докажуваат себеси како личности и да развиваат самодоверба;
- да се потикнуваат да идентификуваат, да препознаваат и да искажуваат различни емоции;
- да се стекнат со основни културни, здравствено-хигиенски и работни навики;
- да усвојат основни правила за однесување во сообраќајот;
- да учествуваат во донесување на правила за однесување во училница и да се навикнуваат да ги почитуваат;
- да развиват чувство за припадност на семејството, одделението, училиштето и родниот крај;
- да се развива чувство за почит и љубов кон својата татковина Република Македонија;
- да се потикнуваат на меѓусебно договарање, помагање и соработка со другите;
- да се развива почит кон сопствената култура и културата на другите;
- да се оспособуваат за ориентирање и снаоѓање во просторот и времето;

➢ да се развива интерес и желба за самостојно доаѓање до нови сознанија.




Според наставната програма по предметот **Запознавање на околината** во I одделение се изучуваат шест теми , така што секоја тема има содржина , поими и активности и методи.

| **ТЕМА-** ***ЈАС И ДРУГИТЕ ( 12 часа )*** | | |
|---|---|---|
| **Содржина** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | Дете | Игри пред огледало |
| Кој сум јас | | Драматизации, изведување на ситуациони игри со различни улоги. |
| | Албум | Разгледување на фотографии. |
| | Растам | што може , што ќе може, истражувачки активности за своите можности. |
| | Што можам | Симулирање на проблемски ситуации. |

| | | |
|---|---|---|
| Јас со другите | Што умеам Што не можам<br><br>Љубов,радост тага страв<br><br>Другарство | Покажува,раскажува,илустрира,разгледува сликовници и драматизации.<br><br>Кажува што може сам да направи, ги искажува своите чувства и раскажува случки.<br><br>Симулации,драматизации,игри на улоги, социјални игри( за толеранција, игри за доверба).<br>Разговори со другарите сличности и разлики. |

| **ТЕМА- МОЕТО УЧИЛИШТЕ (8 часа)** | | |
|---|---|---|
| **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Моето училиште | Училиште, учител, учителка<br><br>Ученик, ученичка, Училница, катче, играчки<br><br>Правила, одговорност | Прошетка на учениците низ училиштето, покажувањеи разгледување на училишните простории и објаснување.<br>Учество во уредување на училницата , катчињата , запознавање со играчки и други средства , етнолошко катче.<br>Запознавање како правилно треба да се однесуваат кон опремата , средствата и материјалите.<br>Грижа за хигиената во училница.<br>Учесво во донесување на правила за однесување во училница. |

| | | |
|---|---|---|
| | Вработени, канцеларија Училишни празници Лево, десно, горе, долу | Вежби за ориентирање во училиштето,<br><br>Правила за безбедно движење во училиштето. |

| **ТЕМА-** ***МОЈОТ ДОМ ( 8 часа )*** | | |
|---|---|---|
| **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Моето семејство | Дом, семејство членови Одговорност<br><br>Лична хигиена, мојата соба, задолженија<br><br>Здрава исхрана Слободно време Празници прослави. | Разгледување на семејни албуми, разговор за членовите во семејството и различен број на членови.<br><br>Средства за хигиена , истражувачки активности<br>Разговор за опасности<br><br>Разгледување на слики и разговор за правилна исхрана, истражувачки активности.<br><br>Прослави на роденден, разгледување на слики од други празнувања и разговор. |

| ТЕМА- | *МЕСТОТО ВО КОЕ ЖИВЕАМ* *( 8 часа )* | |
|---|---|---|
| **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Каде живеам | Град, село<br><br>Пошта, амбуланта, средства за работа,работна облека<br><br>Стари градби,носии, Предмети Музеј,играчки<br><br>Татковина,знаме химна | Организирани прошетки во окмлината, набљудува, разговара и црта.<br><br>Разговор со вработени во пошта , амбуланта за нивната професијаи цртање на средствата за работа со кои работат.<br><br>Посета на стари градби, музеи разгледување , опишување, разговори , збогатување на етнолошкото катче.<br>Разговори кои се живее во нивна близина и јазици на кои се говори.<br>Слушање на химната на Република Македонија, го разгледува, опишува и илустрира македонското знаме изработка на слики во татковинското катче. |

| | ТЕМА- | *ЈАС СУМ ДЕЛ ОД ПРИРОДАТА* *(24 часа)* |
|---|---|---|
| **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Растенијата иживотните во мојата околина<br><br><br><br>Жива и нежива природа<br><br>Јас сум дел од живиот свет<br>Моето тело<br><br><br><br>Природни појави<br>Годишни в | Овошје, зеленчук, трева и дрвја<br><br>Животни<br>диви и домашни<br><br>Домашен миленик<br><br>Живо и неживо<br><br>Делови на човечкото тело, глава, труп, раце и нозе<br>Машко женско<br>Храна, вода сон<br><br><br>Годишни времиња,есен,зима, пролет, лето,ветер, сонце, дожд,мраз<br>Ден,ноќ,вечераденес, денови во седмицата<br>Здрава и чиста оремињаклоина | Набљудување, именување и набројување на растенија и животни во оклината.<br>Прошетки , набљудувања и цртање на воочени промени. Истражувачки активности со садење на растенија.<br>Посета на зоолошка градина , набљудување и разговор, албуми , игри и презентации.<br>Раскажување за домашно миленичe.<br><br><br>Сличности и разлики меѓу растенија , животни , камен земја.<br>Откривање на сличности и разлики во височина , боја на очи на коса.<br>Сличности и разлики.Истражувачки активности што е потребно за живот.<br>Истражувачки активности , подвижни игри, набљудувања одбележување на доаѓањето на |

| | | |
|---|---|---|
| | | годишните времиња, цалендар на природата.ИКТ<br>Драматизации, набројувања, опишувања, активности во текот на денот и ноќта.<br>Набљудување на оклината, еколошки поракицртање на чиста и загадена природа. |

| ТЕМА- | | СООБРАЌАЈ (10 часа ) |
|---|---|---|
| **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Како се однесувам во сообраќајот | Сообраќај, пешаци, возила<br><br>Лево, десно, напред, назад,тротоар, улица, пешачки премин, игралиште<br><br>Автомобил, автобус, воз, брод, авион, велосипед<br>Семафор, Црвено,жолто,зелено светло<br>Сообраќаен полицаец | Набљудување и разговор за сообраќајот во непосредната оклина , симулации движења.<br>Игри со користење сообраќајни средства.<br><br>Запознавање на патот од дома до училиште и набројување на објекти.<br>Правилно преминување преку улица.<br>Семафор И неговата улога.<br>Разговор со другите за сообраќајниот полицаец.<br>Набљудување и правилно однесување во сообраќајот , симулации и игри. |

## 3.2. Дидактичко-методички дизајн на наставните програм за второ одделение по наставниот предмет Запознавање на околината









| ТЕМА: ЈАС СО ДРУГИТЕ (14 ЧАСА) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>▸ да знае да се претстави себеси, што умее, што може, што сака;<br>▸ да ја јакне самодовербата во своите постапки и способности; | ▸ Што ми се допаѓа кај себе... | | ▸ Учениците меѓу себе се прашуваат и добиваат информации за тоа кој што сака, што умее и што знае.<br>▸ Потоа идентификуваат дека по нешто се слични, а по нешто различни. |
| ▸ да препознава сличности и разлики меѓу луѓето; | ▸ Ние сме слични и различни | ▸ Разлики, сличности. | ▸ Разговори и ситуациони игри на дадена тема за изнесување на своето мислење |
| ▸ да спознава дека секој има свое мислење/ различно или исто со другите; | ▸ Имам свое мислење и го почитувам мислењето на другите | ▸ Почитување на туѓото мислење. | ▸ Разговори за животот на човекот како процес (раѓање, детство, младост, старост). |
| ▸ да ги спознава карактеристиките кај луѓето во различни периоди од животот; | ▸ Децата и возрасните | ▸ Раѓање, детство, младост, старост. | ▸ Разгледување фотографии и раскажување за своето семејство (мајка, татко, баба, дедо во различни периоди од животот). |
| ▸ да ја сфати функцијата на правилата за заедничко живеење; | ▸ Правила на заедничко живеење | ▸ Правила во одделението. | ▸ Разговори за правилата во некоја игра, донесување правила за однесувањето и други правила што ги познаваат во домот, зградата, населбата, во одделението и во училиштето. |
| ▸ да учествува во донесувањето на правилата на однесување во училиштето; | ▸ Права и одговорности. | ▸ Правила во семејството/домот. | ▸ Запознавање на основните детски права преку активности (работилница за детски права, разговори, игри, цртање и сл.). |
| ▸ да ги применува правилата во училиштето и животот; | | | |
| ▸ да спознава дека секој човек има права и одговорности. | | ▸ Права, одговорности | |

Според наставната програма за второ одделени за наставниот предмет **запознавање на околината** цели кои што треба да се постигнат се следните:

Ученикот / ученичката

- да ги прошируваат сознанијата за непосредната околина и да ја сфаќа поврзаноста меѓу луѓето , предметите и појавите;
- да се оспособува за набљудување, опишување, споредување на предметите и појавите и односите меѓу луѓето;
- да разликува жива од нежива природа и да ја открива нивната меѓусебна поврзаност;
- да ги разликува годишните времиња и промените во природата;
- да се оспособува да учествува во донесување и почитување на правила за заедничко живеење во домот, училиштето и пошироката средина;
- да се вклучува активно во решавање на проблем и да стекнува самодоверба;

- да умее да распознава, да разбира и да искажува различни емоции;
- да умее да се грижи за своето здравеје и за средината во која живее и учи;
- да ги запознава и применува правилата за заштита од повреди и од други опасности;
- да го проширува знаењето за сообраќајните правила и да развива култура на однесување во сообраќајот;
- да развива чувство на припадност кон својата татковина;
- да ја свати потребата од договарање, помагање и соработка со другите и да развива другарство, толеранција, хуманист и одговорност;
- да запознава обичаи и празници од својата култура и културата на другите заедници во Република Македонија;
- да се ориентира и снаоѓа во просторот и времето;
- да учествува во едноставни истражувања;
- да развива интерес и желба за доаѓање до нови сознанија за средината со користење различни извори за учење и ИКТ.

Според наставната програма за II одделение по наставниот предмет **запознавање на околината** се воведува изучување на уште една тема, покрај шестте теми што се изучуваа според наставната програма за I одделение.

Темата што се изучува во II одделение по наставниот предмет **запознавање на околината** е "Јас истражувам", која е застапена со 16 часа.

Од наставните програми по наставниот предмет запознавање на околината може да се согледа дека темите за второ одделение се карактеризирааат со продлабочување на содржините, поимите, активностите и методите. Постои разлика и во поглед

на часовите кои се потребни за реализација на секоја од темите.

| *Теми во наставната програма за I одделение* | *Предвидени часови* | *Теми во наставната програма за II одделение* | *Предвидени часови* |
|---|---|---|---|
| Јас и другите | 12 часа | Јас со другите | 14 часа |
| Моето училиште | 8 часа | Животот и работата во училиштето | 14 часа |
| Мојот дом | 8 часа | Мојот дом | 14 часа |
| Местото во кое живеам | 8 часа | Моето место | 12 часа |
| Јас сум дел од природата | 24 часа | Јас сум дел од природата | 28 часа |
| Сообраќај | 10 часа | Сообраќај | 10 часа |
| / | / | Јас истражувам | 16 часа |

| Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|
| • Запознавање со материјалите: хартија,ткаенинадрво,песок, природни материјали | • материјали, хартија,ткаенина песок, природни материјали | Истражувачки игри со различни материјали кои можат да се обликуваат во една целина. |
| • Вода<br><br>• Воздух<br><br>• Светлина<br>• Го менувам светот | • Впивање, пливање,тонење, загадена вода,незагадена вода.<br>• Воздух,дишење,чист воздух<br>• Светлина, темнина, сенка.<br>• Употребен материјал , кутии, украсни предмети. | Истражувачки игри откривање на својствата на водата.<br>Кои предмети впиваат вода.<br>Истражување како се загадува водата.<br>Истражувачки игри откривање својства на воздухот.<br>загадување на воздухот.<br>Истражувачки игри , својства на светлината<br>Разгледување на различен употребен материјал<br>изработка на разни предмети. |

Сегмент во наставната програма се ***дидактички препораки*** според кој се посочени насоки за меѓупредметно поврзување и утврдување на годишен фонд на часови. Посочени се и наставни средства според кои се реализира наставната програма.

Потоа се согледува ***оценување на постигањата на учениците*** според кои се согледуваат постигањата на учениците.

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- *Насоки за меѓупредметно поврзување: Наставните содржини од предметот запознавање на околината даваат можност за интегрирано, целно и содржинско поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, ликовно, музичко и физичко образование.*
- *Препораките за користење на годишниот фонд на часови се предложени во разработката на темите.*

Поставените цели во наставните теми даваат можност за самостојно планирање и реализација на содржините, во согласност со потребите на учениците и почитување на принципот на актуелизација во наставата. Се користат актуелните настани и ситуации во одделението и се поврзуваат со искуството на учениците кое настанува надвор од училиштето. Колку што е можно учениците околината да ја запознаваат непосредно. При набљудувањето се упатуваат да ги употребуваат сите можни сетила.

Во наставната програма дадени се цели кои се постигнуваат преку активностите на учениците. Активностите понекогаш опфаќаат повеќе цели, како и цели од различни содржини. Така една цел можеме да ја постигнеме преку различни активности. Примерите на активностите се само можни предлози, а наставникот може за постигнување на целите да избере и други соодветни активности.

Наставни средства:

- непосредната околина - предмети и појави во природата, како и појави во општеството и односите меѓу луѓето;
- учебник;
- дидактички средства и материјали;
- истражувачки катчиња;
- куклен театар;
- визуелни средства (слики, апликации, фолии, паноа, огласни табли, географска карта и релјефна карта на Македонија, модели, макети);
- сликовници, енциклопедии, списанија и сл.;
- Интернет, образовни софтвери;
- аудио-визуелни средства (графоскоп, дигитален фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД-плеер, видео-плеер, компјутер, ЛЦД проектор и други средства).

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување).

Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето, врз основа на претходните знаења и искуства на ученикот/ученичката - (дијагностичко оценување).

Дел во наставната програма се ***просторни услови за реализирање на наставната програма.***

Потоа следува ***нормативе за наставен кадар.***

Начини на проверување и оценување:

- описно оценување;
- опсервација на секој ученик;
- користење на разговор како начини на изразување;
- следење на мотивацијата, интересите, активностите, соработката, почитувањето на другите;
- водење на развојно и аналитичко портфолио за секое детеученик;
- користење на евиденции и чек листи, анегдотски белешки, студии на случај;
- детски изработки поединечни, групни;
- контролни работи, тестови на знаења;
- примена на листи за аналитичко оценување на истражувачки активности (планирање на работата, способности за истражување, способности за прибирање и обработка на податоци и др.);
- микросумативно оценување;
- сумативно оценување на крајот на годината преку автентичен запис за постигањата на секој ученик/ученичка.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за наставата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за I одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-4061/1 од 31.05.2007 година.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по запознавање на околината во второ одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- педагошки факултет - професор за одделенска настава;
- Филозофски факултет - Институт за педагогија - дипломиран педагог.

Сегменти во наставната програма се ***комисија која ја подготви наставната програма*** и ***потпис и датум на донесување на наставната програма*** од страна на министерот за образование и наука.

## 7. КОМИСИЈА КОЈА ЈА ПОДГОТВИ НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

- Даница Талимџиоска, советник за одделенска настава, БРО - Прилеп
- д-р Билјана Камчевска, доцент- Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје
- Светлана Брашнарска, советник по биологија - Скопје
- Суби Ајро, советник за одделенска настава БРО - Струга
- Александра Митровска, воспитувач, ОУ „Св.Климент Охридски" с. Драчево - Скопје
- Лидија Нарашанова - Смилевска, наставник ОУ „Кочо Рацин" - Скопје
- Мира Ѓорѓиевска, воспитувач ЗДГ „8 Март" - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по запознавање на околината за второ одделение на деветгодишното основно образование ја донесе:

Министер

Сулејман Рушити (с.р.) на ден 18.10. 2007 година

(решение бр. 10 - 2066 / 1)

## 3.3. Дидактичко-методички дизајн на наставните програми за трето одделение по наставниот предмет Запознавање на околината







### 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да ги проширува сознанијата за непосредната околина и да ја сфати поврзаноста меѓу луѓето, предметите и појавите;
- да ги запознава основните детски права;
- да стекнува свест за значењето на знаењата во личниот и општествениот живот;
- да се оспособува да користи различни извори на знаења;
- да ги запознава различните начини на масовни комуникации и пренесување на информации;
- да ги сознава односите во семејството и да се поттикнува за хармонични семејни и пријателски односи;
- да стекнува сознанија и навики за здрава исхрана и чување на здравјето;
- да стекнува сознанија за правилата на културно однесување и да се поттикнува да ги почитува;
- да ги проширува знаењата за своето место, родниот крај и својата татковина;
- да се оспособува за ориентација во просторот и времето;
- да ги согледува сличностите и разликите меѓу човекот, животните и растенијата;
- да ги проширува сознанијата за сообраќајот и разновидните сообраќајни средства;
- да стекнува знаења за безбедно однесување при движење на улица и пат;
- да се поттикнува на заштита на природата;
- да ги проширува знаењата за културата на својата заедница и другите заедници;
- да развива позитивен однос кон мултикултурализмот;
- да користи ИКТ за доаѓање до нови сознанија за околината.

Според наставната програма за трето одделение , по наставниот предмет **запознавање на околината** цели кои треба да се реализираат се следните:

Ученикот / ученичката

- да ги проширува сознанијата за непосредната оклина и да ја свати поврзаноста меѓу луѓето , предметите и појавите;
- да ги запознава основните детски права;
- да стекнува свест за значењето на знаењата во лижниот и општествениот живот;
- да се оспособува да користи различни извори на знаења;
- да ги запознава различните начини на масовни комуникации и пренесување на информации;
- да ги сознава односите во семејството и да се поттикнува за хармонични семејни и пријателски односи;
- да стекнува сознанија и навики за здрава исхрана и чување на здравјето;
- да стекнува сознанија за правилата на културно однесување и да се поттикнува да ги почитува;
- да ги проширува знаењата за своето место , родниот крај и својата татковина;
- да се оспособува за ориентација во просторот и времето;
- да ги согледува слижностите и разликите меѓу човекот , животните и растенијата;
- да ги проширува сознанијата за собраќајот и разновидните сообраќајни средства;
- да стекнува знаења за безбедно однесување при движење на улица и пат;
- да се поттикнува на заштита на природата;
- да ги проширува знаењата за културата на својата заедница и другите заедници;
- да развива позитивен однос кон мултикултурализмот;

➢ да користи ИКТ за доаѓање до нови сознанија за околината.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА: ЈАС СО ДРУГИТЕ И ДРУГИТЕ СО МЕНЕ/ 10 ЧАСА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>▸ да осознае дека секоја година е повозрасен/а;<br>▸ да се спознава себеси, својот личен напредок, своите цели, потреби и желби;<br>▸ да развива самодоверба во своите способности и умеења; | Знам и можам повеќе | Се развивам. | Разговор со другите за себеси и откривање што постигнал/а, колку напреднал/а од претходната година во знаењето и вештините.<br>Работилници на тема: Сега сум поголем/а, Ме интересира..., Моите желби, Моите потреби, Јас сум највешт/а во... |
| ▸ да спознава дека луѓето кои живеат и работат заедно стапуваат во одредени меѓусебни односи (љубов, почитување, грижа, доверба пријателство, соработка, праведност);<br>▸ да го спознава значењето на важноста за меѓусебното разбирање;<br>▸ да се поттикнува да ги почитува разликите (пол, етничка припадност, социјално потекло, надворешен изглед);<br>▸ да развива почитување и доверба кон другите;<br>▸ да ги запознае основните детски права;<br>▸ да се запознае со службите и луѓето кои помагаат да се остварат и кои ги заштитуваат детските права. | Јас и ти, ние и вие<br><br>Моите права и должности | Соработка, другарство, почитување.<br><br>Права, должности.<br><br>Детска амбасада;<br>УНИЦЕФ;<br>СОС-телефон. | Организирање работилници на тема: Јас и ти, Ние и вие, Игри на улоги, Мојот најдобар другар, Помагам на другите, ситуациони игри, изготвување плакати, драматизација, стрип, книга и сл. и нивна презентација.<br>Работилница: Воочувај сличности и разлики.<br>Пишување и цртање на права и должности и нивно поставување на соодветни места во училницата, посета на Детската амбасада, читање на книги од УНИЦЕФ, гледање цртани филмови на тема: Детски права, запознавање со СОС- телефонот, разговори. |

| *еми во іаставната ірограма за II іддeление* | *Предвидени часови* | *Теми во наставната програма за III одделение* | *Предвидени часови* |
|---|---|---|---|
| **Іас со другите** | **14 часа** | **Јас со другите и другите со мене** | **10 часа** |
| **Кивотот и іаботата во 'чилиштето** | **14 часа** | **Училиштето и знаењето** | **10 часа** |
| **Лојот дом** | **14 часа** | **Односи во семејството** | **12 часа** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ̶Іоето место | 12 часа | Мојот роден крај | 10 часа |
| Іас сум дел од ıриродата | 28 часа | Ја истражувам природата | 18 часа |
| ;ообраќај | 10 часа | Сообраќај | 14 часа |
| Іас истражувам | 16 часа | Одлики на животната средина | 24 часа |
| / | / | Ориентација во времето и просторот | 10 часа |

| ТЕМА- | | ***ОДЛИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ( 24 часа )*** |
|---|---|---|
| **;одржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ʌојата оклина кивиот свет околу ʌене | Височина, рид, рамнина | Набљудување на блиската оклина воочување на височини и рамнини разгледување на слики и постери прошетки и набљудување. |
| | Растителен свет. корен, стебло, лист, цвет, семка. Трева, растенија Житни растенија | Набљудување на различни видови растенија во нивната природна средина.Набљудување , цртање на делови од растенија, разговор истражувачки активности , прошетки и посети , растенија за чај и предупредување дека некои не се за користење. |

| ТЕМА- | | *ОРИЕНТАЦИЈА ВО ПРОСТОРОТ И ВРЕМЕТО ( 10 часа )* |
|---|---|---|
| **:одржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| лавни страни на ветот | Страни на светот. | Прошетка до блиската оклина, набљудување на сонцето , определување на страните на светот. |
| lесеци во годината | Месеци , календар. | Разгледување на календар, разговор , читање на текстови и изработка. |
| lасовник | Часовник, минута, стрелки. | Разгледување на слики , читање на текстови мерење на времето. |

Сегмент во наставната програма претставуваат ***дидактички препораки*** со кои се согледува меѓупредметната поврзаност, постои можност за интегрирано, целно и содржинско поврзување на запознавање на околината со другите предмети.

Потоа следува ***оценување на постигањата на учениците.***

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- *Насоки за меѓупредметно поврзување*
- *Наставните содржини од предметот запознавање на околината даваат можност за интегрирано, целно и содржинско поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, ликовно, музичко и физичко образование.*
- *Препораки за користење на годишниот фонд на часови:*

Препорачаниот фонд на часови е даден за секоја тема. Поставените цели во наставните теми даваат можност за самостојно планирање и реализација на содржините, во согласност со потребите на учениците и почитување на принципот на актуелизација во наставата. Се користат актуелните настани и ситуации во одделението и се поврзуваат со искуството на учениците кое настанува надвор од училиштето. Колку што е можно учениците околината да ја запознаваат непосредно. При набљудувањето се упатуваат да ги употребуваат сите можни сетила.

Во наставната програма дадени се цели кои се постигнуваат преку активностите на учениците. Активностите понекогаш опфаќаат повеќе цели, како и цели од различни содржини. Така една цел можеме да ја постигнеме преку различни активности. Примерите на активностите се предлози, а наставникот може за постигнување на целите да избере и други соодветни активности.

- Наставни средства:
  - непосредната околина – предмети и појави во природата, како и појави во општеството и односите меѓу луѓето;
  - учебник;
  - дидактички средства и материјали;
  - истражувачки катчиња;
  - куклен театар;
  - визуелни средства (слики, апликации, фолии, паноа, огласни табли, географска карта и релјефна карта на Македонија, модели, макети);
  - сликовници, енциклопедии, списанија и сл.;
  - Интернет, образовни софтвери;
  - аудио-визуелни средства (графоскоп, дигитален фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД-плеер, видеоплеер, компјутер, ЛЦД проектор и други средства).

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*Следење на постигањата на учениците*

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување).

Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето, врз основа на претходните знаења и искуства на ученикот/ученичката - дијагностичко оценување.

*Начини на проверување и оценување:*

- описно оценување:
- опсервација на детето-ученик;
- разговор како начин на изразување;
- мотивација, интереси, активности, соработка, почитување на другите;
- водење на развојно и аналитичко портфолио за секое дете-ученик;
- користење на евидентни и чек листи, анегдотски белешки, студии на случај;
- детски изработки поединечни, групни;
- контролни работи,тестови на знаења;
- примена на листи за аналитичко оценување на истражувачки активности (планирање на работата, способности за истражување, способности за прибирање и обработка на податоци и др.);
- микросумативно оценување;
- сумативно оценување на крајот на годината преку автентичен запис за постигањата на секој ученик/ученичка.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за наставата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за I одделение донесен од страна на министерот за образование и наука со решение бр. 07-4061/1 од 31.05.2007 година.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по запознавање на околината во трето одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- педагошки факултет - професор за одделенска настава;
- Филозофски факултет - Институт за педагогија - дипломиран педагог.

Дел во наставната програма за III одделение по наставниот предмет запознавање на околината се I ***просторни услови за реализирање на наставната програма*** и ***норматив за наставен кадар.***

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

**Ученикот/ученичката:**

- умее да се претстави со основните лични податоци (име, презиме, место на живеење);
- ги искажува своите желби, потреби и интереси;
- ги знае основните детски права и институциите кои се грижат за нивна заштита;
- ги знае задачите и работата на одделенската заедница;
- ги знае членовите на семејството и роднинските врски;
- разликува роднини, пријатели и соседи и ги почитува;
- знае како се одржува лична хигиена и како треба да се грижи за своето здравје;
- знае што е здрава храна и прави избор при исхраната;
- самостојно го осмислува своето слободно време;
- идентификува и искажува различни емоции кај себе и кај другите;
- ги познава и именува позначајните објекти, места и институции во непосредната околина и се ориентира по нив;
- ги знае позначајните природни богатства и културни знаменитости во својата околина;
- знае како се вика татковината, ги знае знамето и симболите;
- набројува некои географски поими во крајот во кој живее (рид, планина, река, езеро и сл.);
- ги именува деловите на растенијата (корен, стебло, гранка, лист, цвет, плод, семка);
- ги набројува животните циклуси (раѓање, растење, размножување, умирање);
- знае сличности и разлики меѓу растенијата, животните и човекот;
- знае неколку начини за чување и заштита на својата околина;
- ги знае основните услови за живот;
- извршува едноставни истражувања;
- знае да ги определи главните страни на светот;
- ги знае месеците во годината-правилно чита и употребува календар;
- го употребува часот како мерка за време;
- се ориентира во просторот според страните на светот;
- знае да ја проценува ситуацијата во сообраќајот и безбедно преминува улица;
- ги знае и ги почитува основните сообраќајни правила и знаци;
- разликува видови на сообраќај и сообраќајни средства;
- користи ИКТ за стекнување на сознанија за човекот, животните и растенијата.

Сегмент во наставната програма за III одделение по запознавање на околината се ***очекувани резултати*** кај учениците.

**8. КОМИСИЈА КОЈА ЈА ПОДГОТВИ НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

- Даница Талимџиоска, советник за одделенска настава, БРО - Прилеп
- д-р Билјана Камчевска, доцент- Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје
- Светлана Брашнарска, советник по биологија, БРО - Скопје
- Суби Ајро, советник за одделенска настава, БРО - Струга
- Александра Митровска, воспитувач, ОУ „Св.Климент Охридски" с. Драчево - Скопје
- Лидија Нарашанова - Смилевска, наставник ОУ „Кочо Рацин" - Скопје
- Мира Ѓорѓиевска, воспитувач ЈДГ „8 Март" - Скопје

**9. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

Наставната програма по запознавање на околината за трето одделение во деветгодишното основно образование ја донесе:

Министер

Сулејман Рушити (с.р.) на ден 18.10. 2007 година (решение бр. 10 - 2065 / 5)

Останати компоненти на наставната програма се ***комисија која ја подготви наставната програма*** и ***потпис и датум на донесување на наставната програма.***

# 4. СТРУКТУРА НА УЧЕБНИКОТ

Во поглед на структурата на учебникот Зуев истакнува поделба на структурата на учебникот на два система [8]**„текстуален и вонтекстуален** кои си имаат свои потсистеми.

**Текстуалната компонента е составена од:**

1. основен текст
2. дополнителен
3. појаснувачки текст

Во контекст на основниот текст значајни се две групи текстови

- теориско- сознајни текстови
- иструментално - практични текстови

**Вонтекстуалната компонента се дели на три потсистеми:**

1. апаратура за организација на усвојување
2. илустративен материјал
3. апаратура за ориентација"

Фундаментален, суштински текст на учебникот е **основниот текст** кој **Зуев** го дефинира како посебна вербална структура која содржи дидактички и методички обработено и систематизирано наставно градиво кое авторот го создал во строга согласност со програмата.

Согласно со оваа дефинираност може да се истакне дека основниот текст е дидактичко- методички обликуван во согласност со програмата, дава комуникативни можности за усвојување задолжителни наставни информации од страна на ученикот.

---

[8] Зујев, Д.Д. (1988), *Школски уджбеник,* Завод за уджбенике и наставна средства, Београд.стр.85

Основниот текст како суштински структурален дел на учебникот ги имплицира знаењата со нивните основни изворни елементи факти и генерализации.

Основниот текст ја иницира логичката поврзаност на презентирање на сите содржини во учебникот.

**Теориско-сознајните текстови** како елемент на основниот текст основна функција им е информативната, а нивни основни елементи се основните факти (појави, објекти, процеси, случувања), и разни генерализации, општи поими и нивни дефиниции, основни закони, законитости, основни теории, заклучоци, резимеа.

**Инструментално-практичните текстови** како елемент на основниот текст имаат трансформативна функција, а содржат елементи кои овозможуваат усвојување на поставените содржини, самостојно стекнување на знаења, група прашања, задачи, изведување експерименти, елементи кои ги систематизираат и ги интегрираат наставните содржини. Присутни се и елементи кои служат за утврдување и воопштување на содржините.

**Дополнителните текстови** даваат дополнителни објаснувања, ја имаат функцијата на проширување и продлабочување на основниот текст.

Основниот текст се објаснува на подостапен, непосреден начин. Тоа се делови на научно-популарна литература, историја, толкување на поими, гатанки, пословици (кои се во соодветност со содржините на основниот текст).

Според Н.Лакета [9]„дополнителниот текст по својата природа овозможува индивидуализација на процесот на учење при што подобрите ученици ги поттикнува на творечка работа, вклучува и елементи на истражувања, а послабите ученици ги упатува на дополнителни задачи. “

Овие текстови можат да бидат структурирани пред или после основниот текст во зависност од природата на истиот.

---

[9] Лакета , Н. (1995), *Уџбеник у основној школи,* Учитељски факултет, Београд,247

Овој вид текстови придонесуваат за подигање на воспитното ниво на наставата.

Во овој контекст ќе ги проследиме елементите на дополнителниот текст што ги истакнал **Зуев** (1988, стр. 106).

[10] "

1. документи
2. материјали од хрестоматија
3. делови од уметничка, научно - популарна и мемоарска литература
4. уметнички описи и раскажување
5. говори
6. биографски и научни прилози
7. статистички податоци во табели
8. разни пишувани материјали, набројувања кои ги потполнуваат деталите на основните особини на појави и поими, прецизирање на општата слика на случување
9. прирачни материјали од дополнителен караткер, кои излегуваат од рамките на програмот"

**Појаснувачките текстови** како посебна вербална структура ја имат улогата да помогнат во разбирањето и најпотполно усвојување на наставните содржини. Во оваа насока се иницира самостојната едукативна активност на ученикот.

Специфичната функција на овој вид текст сеуште во доволна мера не е проучена.

**Вонтекстуалната компонента** се дели на три компоненти и тоа :

1. апаратура на организација на усвојување
2. илустративен материјал
3. апаратура за ориентација

---

[10] Зујев, Д.Д. (1988), *Школски уджбеник,* Завод за уджбенике и наставна средства, Београд.стр.106..

Апаратот на организација на усвојување содржи: прашања, задачи и активности.

**Апаратот за ориентација** претставува посебна вредност на учебникот со цел да обезбеди ориентација на ученикот во содржината и структурата на учебникот. Овој апарат создава услови за самостојна активност на ученикот. Составни елементи на овој апарат се:

- предговор
- наслови
- содржина
- нумерација на страниците
- сигнали

**Предговорот** е краток инструктивно -методички текст со цел давање максимум неопходни објаснувања за учебникот, за учебниковата структура и откривање на системот на основните односи и податоци во него.

За **насловите и поднасловите** дидактичко презентирање дава Б.Петровски кој вели дека [11]„примарната улога на насловите и поднасловите е да ја означат темата, да се именува идејата, содржината, да се определи задачата, да се определат елементарните содржини на една целосна содржина, да се истакне и постави проблемот, да се дефинира во обопштен вид една определена содржина. “

Со ова дефинирање се согледува дека насловите и поднасловите имат поливалентна функција во насока за ориентирање, и формирање за елементи на содржините. Мошне значајно е овие видови елементи да имаат соодветно значење при што ја изразуваат суштината на темата.

---

[11] Петровски Б. (1994) Структура на учебникот. Скопје: Просветно дело.стр.50.

**Содржината** има улога да информира за логичкиот редослед на464 насловите и поднасловите во учебникот. Таа е поставена или на почетокот или на крајот од учебникот.

**Нумерацијата на страниците** е во единство со насловите и содржината со можност за лесно и брзо ориентирање на ученикот во учебникот.

**Сигналите** претставуваат симболи значајни за ориентирање на ученикот за учење со учебник. Сигналите се составени од реални елементи со цртежи на ученици при што ученикот може логички да ги восприема и разбере.

## 5. СТРУКТУИРАЊЕ НА СОДРЖИНИТЕ

Во поглед на структуирањето на содржините во учебниците потребно е да постои соодветност во елаборацијата на содржинските проблеми во секоја од темите од учебникот со темите од наставната програма по наставниот предмет **Запознавање на околината** за деветгодишно основно образование.

### 5.1. Структурање на содржините во учебниците по Запознавање на околината за прво одделение

Автор на учебникот по наставниот предмет **запознавње на оклината** за **прво одделение** во деветгодишното основно образование е Ели Маказлиева. Учебникот е со наслов

" Мојата оклина", издавач е Просветно дело АД и учебникот е одобрен од страна на Министерот за образование и наука на Република Македонија со решение број 05-1020/1 од 05.02.2008 година.




Учебникот ги содржи следните теми:

- Јас и другите
- Моето училиште
- Мојот дом
- Местото во кое живеам
- Јас сум дел од природата

- Сообраќај
- Прилози
- Додатоци

Темите во учебникот се соодветни на редоследот и елаборацијата на содржинските проблем во наставата по наставниот предмет **Запознавање на околината** за деветгодишно основно образование.




Интересно е на почетокот на учебникот што авторот ги запознава учениците со знаците кои што треба да се користат во совладувањето на наставните содржини.

Во учебникот авторот ги истакнал и целите кои што треба да се постигнат со овој учебник тоа се:

**1.** Дидактичко-методска обработка на содржините кои се интегрирани, содржински го поврзува наставниот предмет запознавање наоклината , со другите наставни предмети: мајчин јазик, математика, ликовно, музичко и физичко образование и дава можност за набљудување, споредување, заклучување и желба за самостојна работа.

**2.** Содржините во учебникот го стават ученикот во интеракција која овозможува поврзување со други наставни средства ( доплонителни дидактички материјали, сликовници , енциклопедии и примена на ИКТ).

**3.** Содржините на учебникот овозможуваат когнитивен , социјален, емоционален развој на ученикот, можност за самоанализа и самоосознавање, создавање интерперсонални и комуникациски вештини, како и решавање проблемски ситуации.

**4.** Со помош на дадените прилози и додатоци , се мотивира интелектуалниот развој на ученикот, се применуваат истражувачки активности, а истовремено преку активно откривање на сопствените можности , умеења и знаења, се развиваат неговите моторички способности.

Со помош на прилозите се бара активност од учениците во поглед на споредување на доцртувње , обојување и

поврзување на предметите потоа истржување, согледување и доаѓање до заклучок.



ХЕРБАРИУМ

Следи ги упатствата и направи сопствен хербариум.

1. Собери различни жолти листови.
2. Стави ги на лист бела хартија.
3. Покриј ги со уште едно парче хартија.
4. Врз нив стави нешто тешко.
5. По неколку дена подигни ги книгите.

Истото можеш да го повториш неколку пати со разни листови и со разни цветни растенија во различни годишни времиња.

Скини свежо цвеќе (да не е водено).
Стави го на лист хартија од тетратка.
Покриј го со друг лист хартија и затвори ја тетратката.
Врз тетратката нареди потешки книги и остави ги неколку недели за да се исуши цвеќето.
На тој начин ќе создадеш прекрасна збирка.

97

Со помош на додатоците учениците се запознаваат со постоење на распоред на часови, домино, честитка, согледување на времето какво било, семафори се бараат истражувачки активности од страна на учениците.

Наставните содржини учениците ги совладуваат со помош на раскажување, поврзување, споредување, доцртување, означување и истражувачки активности од страна на учениците.



ЈАС СУМ ДЕЛ ОД ПРИРОДАТА

Растенијата во мојата околина ........ 49
Овошје во мојата околина ........ 50
Зеленчук во мојата околина ........ 51
Животните во мојата околина ........ 52
Домашни животни ........ 52
Диви животни ........ 53
Птици, инсекти, риби ........ 54
Моето домашно миленичe ........ 55
Секој има свој дом ........ 56
Раѓањето не е чудо ........ 57
Животни и растенија ........ 58
Жива и нежива природа ........ 59
Јас сум дел од живиот свет ........ 60
Моето тело ........ 60
Машки и женски род ........ 61
Јас растам здраво ........ 62
Природни појави ........ 63
Годишни времиња ........ 63
Есен ........ 64
Зима ........ 65
Пролет ........ 66
Лето ........ 67
Календар на природата ........ 68
Денес времето е ... ........ 69
Денонокие ........ 70
Вчера денес утре ........ 71
Какво беше времето вчера? ........ 71
Денови во седмицата ........ 72
Здрава и чиста околина ........ 73
Каде се фрлаат отпадоците? ........ 74
Од еколошкото катче ........ 75

СООБРАЌАЈ

Како се однесувам во сообраќајот? ........ 77
Сообраќај - пешаци и возила ........ 77
Патот до училиштето ........ 78
Каде играме? ........ 79
Безбедно возење ........ 79
Сообраќајни средства ........ 80
Семафор ........ 81
Сообраќајни знаци ........ 82
Сообраќаен полицаец ........ 83

ПРИЛОЗИ

Мојата рака ........ 85
Патот до училиштето ........ 87
Во училишната чанта носам ........ 89
Новогодишна елка ........ 91
Македонското знаме ........ 93
Патот на пчеликите ........ 95
Хербариум ........ 97
Садење и негување растенија ........ 98
Вода - сапун ........ 99
Автобусот патува ........ 100

ДОДАТОЦИ

БР.1 Распоред на часови
БР.2 Домино
БР.3 Честитка до твоите родители
БР.4 Какво беше времето вчера
БР.5 Сообраќајно средство
БР.6 Семафор
БР.7 *Истражувачка активност - Здрава храна во моето семејство*
БР.8 Налепници за стр. 68
БР.9 Налепници за дод. БР.7

103


На крајот на учебникот авторот понудил прилог за наставникот и родителот , каде што се дадени упатства за примена на учебникот. Од секоја тема се опфатени содржините кои треба да се реализираат, активностите на ученикот и очекуваните резултати.

## 5.2. Структурање на содржините во учебниците по Запознавање на околината за второ одделение

Автори на учебникот " Мојата оклина" по наставниот предмет **запознавање на околината** за **второ одделение** во деветгодишното основно образование се м-р Ели Маказлиева, д-р Билјана Камчевска и Катица Дуковска-Муратовска, издавач на учебникот е Просветно дело АД, учебникот е одобрен од страна на Министерството за образование и наука со решение број 07-5826/1 од 13. 08. 2008 година.




Темите во учебникот се во согласност со темите предвидени во наставната програма по наставниот предмет запознавање на околината и во споредба со прво одделение е воведена нова тема , Јас истражувам.

Од дидактичко-методски аспект авторите на почетокот на учебникот понудиле упатство за користење и структура на учебникот. Во упатството постои дел за ученикот и дел за наставникот.




Учениците треба да се запознаат со значењето на знаците, да размислуваат, да одговараа и да ги разгледаат илустрациите. Во учебникот постојат поими кои учениците потребно е да ги научат, текст кој што треба да го совладаат и работен дел или практично да одговараат и истражуваат.

Од дидактички аспект за наставникот се истакнуваат воведните прашања, илустративниот дел, знаците за

обележување на темата и поимите кои треба да бидат совладани од страна на учениците.


ПРОЛЕТ

Какво е времето во пролет?

Пролетта започнува во месец март. Денот е подолг, а ноќите се пократки, сонцето сè почесто грее. Луѓето почнуваат со пролетните сеидби на нивите. Птиците се враќаат од топлите краишта, а животните се будат од зимскиот сон. Целата природа се буди и тревата позеленува. На дрвјата цветаат пупки, а во полето и на ливадите никнуваат пролетни цвеќиња.

Што работат луѓето во пролет?
Што прават животните во пролет?
Што се случува со растенијата?

РАБОТЕН ДЕЛ

68

Во учебникот присутни се сознајни прашања , со кои наставникот ќе ги поттикнене учениците на сознајна активност, основен текст кој што треба да биде совладан од страна на учениците и репродуктивни прашања од кои може да се согледа што учениците научиле од текстот. Наставникот може да ги насочува учениците на истражувачка активност од работниот или практичниот дел на учебникот.

Во учебникот авторите предвиделе дел за разговор на часот и пораки кои се корисни за учениците.




Вака конципираниот учебник овозможува усвојување на наставните содржини од секоја тема предвидени со наставната програма за наставниот предмет запознавање на оклината.

Работниот дел на учебникот авторите го конципирале со постоење на :

- Репродуктивни прашања
- Практични задачи
- Истражувачки активност
- Проблемски задачи
- Тест прашања

Во работниот дел учениците можат да доцртуваат, да поврзуваат , да споредуваат , да ги пронаоѓаат разликите , да се запознаваат со правила и одговорности , да раскажуваат, да опишуваат , самостојно да пишуваат и да се поттикнуваат на истражувачка активност.

На крајот на учебникот се предвидени содржини на ЦД и тоа:

- Мојата училница
- Моите роднини
- Апарати во домаќинството
- Лична хигиена
- Здрава храна
- Овошје
- Жива природа
- Зимзелени дрвја
- Годишни времиња
- Град-село



## 5.3. Структурање на содржините во учебниците по Запознавање на оклината за трето одделение

Автори на учебникот "Запознавање на околината" по наставниот предмет **запознавање на околината** за **трето одделение** во деветгодишното основно образование се Биљана Живковиќ и Драга Дамчевска, издавач на учебникот е Просветно дело АД, овој учебник е одобрен од Министерството за образование и наука со решение број 07-5825/1 од 13.08.2008 година.




Темите во учебникот се во согласност со темите од наставната програма по наставниот предмет запознавање на оклината, во споредба со предходните прво и второ

одделение се воведуваат две нови теми и тоа:

- **Одлики на животната средина и**
- **Ориентација во времето и просторот.**

На почетокот на учебникот авторите во предговорот ја истакнале целта која ја има учебникот.



Предговор

Драги ученици,

Учебников Запознавање на околината за 3 одделение на деветгодишното основно образование, има за цел да ве запознае и да ви ги прошири сознанијата: за вас, за училиштето, за семејството, за родниот крај и тн.

Учебников има работен карактер и овозможува активно ваше вклучување во истражувањата на природата и животната средина.

Богатството од илустрации ќе Ви помогне полесно да ги усвоите наставните содржини.

Авторите Ви посакуваат
многу успех

„ **Предговор**

Драги ученици,

Учебников Запознавање на оклината за III одделение на деветгодишното основно образование , има за цел да ве запознае и да ви ги прошири сознанијата: за вас , за училиштето, за

семејството , за родниот крај и тн.

Учебников има активен карактер и овозможува активно ваше вклучување во истражувањата на природата и животната средина. Богатството од илустарции ќе ви помогне полесно да ги усвоите наставните содржини.

Авторите Ви посакуваат многу успех"

Од дидактички аспект за секоја наставна содржина од темите во учебникот, покрај основниот текст што е понуден постојат и други барања од учениците, како што се **активности на часот** и **активности за дома.**



JAC И ТИ, НИЕ И ВИЕ

Во светот живеат различни заедници на луѓе. Тие се разликуваат во многу нешта: по бојата на кожата, јазикот на кој зборуваат, обичаите, храната, празниците, верувањата, начинот на живеење, националноста и друго.

**Активности на часот**

- Разгледај ги сликите и разговарајте по што сè се разликуваат овие луѓе?
- Што мислиш од каде потекнуваат и каде живеат тие?

**Активности за дома**

- Имаш ли другарчиња кои се различни од тебе, кои празнуваат различни празници, кои јадат различна храна, кои дома зборуваат на друг јазик?
- Напиши краток состав за нив!

Покрај основниот или главниот текст кој овозможува учениците да се стекнат со определени знаења, активностите кои се бараат од учениците за часот или дома ги поттикнуваат учениците на размислување, разговор, споредување, опишување, набројување, раскажување, објаснување и истражувачка активност и донесување на определени заклучоци.

# 6. ДИДАКТИЧКА АПАРАТУРА ВО УЧЕБНИКОТ

Дидактичка апаратура во учебникот се: **прашањата, задачите и активностите.** Тие завземаат значајно место во структурата на учебникот при што придонесуваат за неговата функционалност, употребливост во наставниот процес и надвор од него.

## 6.1. Дидактичка апаратура во учебникот по Запознавање на околината

Во оваа смисла може да се констатира дека со прашањето се бара информација за успешно остварување на поставените барања, цели.

Во Енциклопедискиот речник на педагогијата [12]„прашањето се експлицира како прашална јазична формулација во форма на зборови или реченици, кои служат во наставата за водење разговор помеѓу наставникот и ученикот или помеѓу учениците.

Во оваа насока можеме да се надоврзиме дека прашањата имаат комуникативни импликации така што во учебникот учесници во комункативниот процес се наставникот и ученикот. Наставникот потребно е да го проучи комплексно учебникот со прашањата за да може успешно комуникативно да работи со ученикот. Со употребата, работата со учебникот ученикот со проучување на текстот се насочува кон прашањата со можност врз основа на своите потенцијали да ги одговори.

[12] Енциклопедијски ријечник педагогије, (1963), Загреб: Матица Хрватска,стр.679

Според Лексиконот на темелни педагошки поими [13]„ задачата се дефинира како прецизно одредена обврска која ученикот треба да ја изврши во одреден рок, во училиште или во домот. "

Во овој контекст значењето на задачата поставена од наставникот или од учебникот се огледува во иницирање активност на ученикот самостојно во одредено време да ги реализира поставените едукативни барања.

Задачите во учебникот се активност на сознајно поттикнување на ученикот по пат на самостојна работа да ги оствари, реализира поставените едукативни стандарди, цели на содржините во учебникот.

Д.Д.Зуев прави класификација чија основа е организирањето на процесот усвојување при што се дефинираат три групи прашања , задачи:

[14]„ **Прва група** - прашања - задачи кои вршат функција на утврдување на знаењата (репродуцирање на она што се учи, првобитна систематизација на факти, поими, формирање на навики).

**Втора група -** прашања - задачи кои овозможуваат совладување на методите на логичко мислење и искуство на творечки активности (самостојна работа при изведување на анализа, синтеза, споредување, воопштување, формриање оценки, заклучоци, продлабочување на системот на знаење, прецизирање, конкретизација, систематизација)

**Трета група** - прашања - задачи кои бараат примена на стекнатите знаења (извршување на самостојна работа, совладување на умеења и навики)."

Б.Петровски темелно ги обработува прашањата и задачите и ги систематизира во три групи:

---

[13] (1996) Педагошки лексикон. Београд: Завод за уџбенике и наставна средства,стр.286.

[14] Зујев, Д.Д. (1988), *Школски уджбеник,* Завод за уджбенике и наставна средства, Београд.стр,115.

[15]„1. Прашања - задачи за повторување

2. Прашања - задачи за вежбање

3. Прашања - задачи за примена

Според усвојувањето на наставните содржини прашањата и задачите можат да бидат:

- репродуктивни
- продуктивни“

**Репродуктивни прашања, задачи** имплицираат повторување на усвоените знаења со цел да се спречи заборавањето. Се започнува од првичниот степен на механичко повторување до највисокиот степен повторување со разбирање.

**Продуктивннте прашања , задачи** имплицираат продуктивно учење, презентирање, продлабочување на веќе научените содржини со нови. Ученикот со помош на интелектуалната љубопитност и ангажираност комбинира, открива нови врски и односи и доаѓа до нови идеи.

Со дидактичко-методичката апаратура се настојува содржините во наставата да му се приближат на ученикот, а исто така и ученикот да се приближи кон содржините кои треба да ги совлада во наставата.

Поедноставувањето на научниот или уметничкиот текст во наставата доведува до **дидактицизам** и се оневозможува развојот на способностите на учениците. Поедноставувањето

---

[15] Петровски Б. (1994) Структура на учебникот. Скопје: Просветно дело.стр.104-113.

на содржините во наставата е неопходно во согласност со можностите на учениците , но да има своја оптимална мера.

Во процесот на наставата учениците треба да ги совладаат техниките на усвојување на изворни и оригинални содржини, да ги разберат содржините, да ги преработат и да формираат свое мислење. Текстовите во учебникот треба да го поттикнат ученикот на креативна активност и анализа.

Дидактичката апаратура на учебниците ја сочинуваат **прашањата , задачите и барањата** наменети за учениците, но од сите нив доминираат прашањата , затоа што со нив се бара некоја информација од учениците.

**Прашањата** што се поставуваат кон учениците во наставата , треба да бидат обликувани според важечките јазични норми. Од содржината на прашањето се одредува начинот на размислување на оној кој што прашува , а по тоа како прашува се согледува неговата мисловна длабочина.
Прашањата и задачите кои се наоѓаат во учебниците или прирачниците треба да помогнат во разбирањето и доживувањето на текстот што се разработува, а со помош на илустрациите да се поттикнат учениците на естетско доживување и творечко размислување.

Во пглед на прашањата во процесот на наставата Јурчиќ дава една општа дефиниција дека [16]"прашањата се пат до сознанието"

---

[16] Јурчиќ, М. (2003), Идентитет модерне школе. Загреб: Напредак, 2

Некогаш се случува во наставата да постои меѓусебна поврзаност и условеност помеѓу прашањата и задачите. Но сепак постои разлика помеѓу прашањата и задачите која може да се согледа од нивната содржина, нчинот на нивното поставување и меѓусебните односи на наставникот со учениците.

Во процесот на наставата на прашањата потребно е да се даде одговор , а задачите треба да се решаваат, да се пронајде соодветно решение и да се даде адекватен одговор.

[17]"Во поглед на задачите во процесот на наставата Пољак ги истакнува :

- задачите за припрема на учениците,
- задачите за стекнување на нови знаења,
- задачи за повторување со цел новите содржини да се запомнат,
- задачи за увежбување и
- задачи за повторување. "

Така што секоја од изнесените задачи одговара на одредена етапа од наставниот процес.

За учебниците битна компонента е доживувањето на убавото или естетското кое го има во содржините или текстовите. Уметничките содржини кои што се наоѓаат во учебниците можат да поттикнат оредени асоцијации , мисли и идеи во свеста на учениците.

---

[17] Полјак, В. (1980), Дидактичко обликовање уджбеника и приручника. Загреб: Школска књига

Според Кисиќ [18]„Содржината која што се доживува без влијание на дидактичко-методичка апаратура може кај учениците да предизвика поголемо значење од стилско-јазичната анализа, и колку тоа да изгледа парадоксално".

Со помош на учебникот учениците се оспособуваат да ги совладаат техниките на совладување на изворни и оргинални содржини , да ги разберат, да ги преработат, и да формираат свое мислење.

За добриот учебник карактеристично е кога авторот на интересен начин ќе ги воведе учениците самостојно да применуваат одредени постапки и да анализираат , односно кога ќе ги поттикне на активност.

## 7. ИЛУСТРАЦИИ ВО УЧЕБНИКОТ

Илустрациите се составен, конзистентен дел на учебникот. За овој дидактички поим има повеќе толкувања.

Според Енциклопедискиот речник на педагогијата [19]„илустрациите го оживуваат текстот и му даваат динамички карактер. Сликите и цртежите може да бидат основа за составување одредена писмена работа, но можат да служат како дополна и објаснување. "

---

[18] Кисиќ, У. (1997): Читанката како наставно средство и извор на сознание,Вредности на современиот учебник I, Зборник на трудови, Ужице, стр.102-110.

[19] Енциклопедијски ријечник педагогије, (1963), Матица Хрватска, Загреб.стр.322.

Во овој контекст се истакнува значајноста на сознајната функција на учебникот имплицирана преку илустрациите.

Во Педагошката енциклопедија 1 истакнува дека [20]„илустрацијата со нејзината структуралност односно уметничкото претставување на литературниот текст со ликовните средства овозможува потполно и силно доживување на содржината и пораката. Со естетската вредност на илустрацијата се осмислува текстот да биде попривлечен и поинтересен. “

Во Педагошкиот лексикон [21]„илустрацијата се експлицира како ликовно претставување на текстот (по пат на цртежи, слики, шеми и сл.) за да подобро се разбере, посилно доживее и потполно запомни истиот. “

Според професорот д-р Бранко Петровски [22]„илустрациите се сликовен материјал од сите видови: скици, цртежи, графикони, шеми и друго, во боја со кои се реализираат определени задачи во наставата. “

Во овој контекст се имплицира дека илустрациите се во функција на реализација на разновидни наставни цели, наставни задачи, наставни принципи.

Рускиот педагог Зуев [23]„илустрациите во учебникот ги дефинира како слики во боја или во црна-бела техника со чија присутност и

---

[20] (1989), Педагошка енциклопедија 1 и 2. Загреб и др.: Школска књига и др.стр.260.

[21] (1996) Педагошки лексикон. Београд: Завод за уџбенике и наставна средства.стр.188.

[22] Петровски Б. (1994) Структура на учебникот. Скопје: Просветно дело.стр.115.

[23] Зујев, Д.Д. (1988), *Школски уджбеник,* Завод за уджбенике и наставна средства, Београд.стр.115..

специфичност, а во тесна врска со другите структурни компоненти, се реализираат научно-педагошките принципи што се вградени во учебникот. “

Во оваа насока се потврдува дека илустрациите се структурна компонента на учебникот со која се реализираат суштинските сегменти на истиот.

Илустрациите во учебникот можат да бидат:

- разни слики
- репродукции на уметнички дела
- репродукции на детски, ученички творби
- скици
- историски фотографии
- историски карти
- географски карти
- панорами
- карикатурални прикази
- мозаични илустрации
- шеми
- шеми стебло
- организациона шема
- табеларна шема
- дијаграми
- графикони
- линеарен графикон
- столбест графикон
- кружен графикон
- сликовен графикон
- колор табели
- стрипови
- фотографии
- научни илустрации

За успешно процесуирање на илустрациите во учебникот, односно нивната валидност се постигнува со усогласеност со содржините на текстот, како и развојните карактеристики и возраста на учениците. За успешноста на учебникот потребно е да постои оптимална функционална врска помеѓу текстот и илустрациите, односно нивниот однос да биде во единствена логичка и уметничка целина.

Според Адамческа, [24]„фундаментлано е илустрациите да бидат јасни и разбирливи уште во учебниците за почетните одделенија. Според светските пропозиции и стандарди прифатени и кај нас соодносот меѓу текстуалниот и илустративниот дел во учебниците за одделенска настава е 2:1 во полза на илустративниот сегмент.

## 7.1. Илустрации во учебникот по Запознавање на оклината

Со овој сооднос се согледува дека визуелната поддршка иницира позитивен комплексен развој на учениците од одделенска настава.

За различни развојни фази на учениците процесуираат различни барања на концепирање илустрации во учебникот. Концепцијата за учебник за основно и за средно образование (2006, стр. 44) ги истакнува следните барања:

- за учениците од почетните одделенија да има разбирливи илустрации со човечки фигури и фигури на животни со јасни активности;
- за учениците од средните одделенија да се внесени разбирливи илустрации на поединечни предмети и посложени просторни односи (на чиста основа) со јасни активности;
- за учениците од вишите одделенија илустрациите да се разбирливи, да пренесуваат предели, посложени активности, простор, промени, како и апстрактни односи.

[24] Адамческа С. (1996), *Активна настава,* Легис, Скопје.стр76.

Во учебникот по Запознавање на околината за I одделение за темата Сообраќај авторот на учебникот ја приложил конкретнава илустрација со човечки фигури и возила на улица.




Во учебникот по Запознавање на околината за II одделение авторите за истата тема Сообраќај ја понудиле следнава илустрација со човечки фигуре кои се јасно претставени и нивни конкретни активности каде што јасно може да се согледаат.



Во учебникот за III одделение по Запознавање на околината авторите за темата Сообраќај ја приложиле следнава илустрација каде што може да се забележат човечки фигури во затворен простор.




Во оваа насока во концепирањето на илустрациите во учебникот се почитува принципот на постапност во однос на возрасните карактеристики на учениците кои се корисници на учебникот при поучувањето и учењето

Во учебникот треба да има инвентивни, привлечни илустрации кои поттикнуваат не само на активностите на набљудување, размислување, туку и на активноста доживување.

Атрактивност на учебникот изразуваат илустрациите во вид на стрип кои побудуваат мотив за дијалог.

Флексибилни се илустрациите кои пренесуваат позитивна активност на одредени личности со истакнување на:

- одговорност
- почитување на човековите права
- почитување на правата на детето

Посебен вид илустрации се оние кои побудуваат интензивна мисловна сензибилност, размислување и чувствителност за праведност, приватност, одговорност, солидарност, толеранција.

Зуев прави класификација на илустрациите во три основни групи: [25] „

- водечки илустрации
- истозначни
- помошни“

**Водечките илустрации** служат за самостојно откривање на соджината, всушност тие го заменуваат основниот текст. Овој вид илустрации насочуваат на непосредно доаѓање до одговорот, на поставените барања. Во оваа насока се избегнува оптовареноста на текстот со многу факти. Со водечката функција на овој вид илустрации на ученикот му се дава визуелна поддршка во усвојувањето на учебникот.

**Истозначните илустрации** следат со основниот текст со цел за најтемелно и најефикасно усвојување на структурата на учебникот. Овој вид илустрации имаат приоритетна сознајна функција.

**Помошните илустрации** го дополнуваат, конкретизираат дообјаснуваат и емоционално ја збогатуваат содржината на текстот. Со оваа илустрација ученикот поедноставно го перцепира и усвојува процесот на учење.

Во минатото во учебниците најбитна била нарацијата, но со текот на времето изгледот на учебниците е многу променет. Денес многу учебници содржат слики, карикатури, фотографии и цртежи.

---

[25] Зујев, Д.Д. (1988), *Школски уджбеник,* Завод за уджбенике и наставна средства, Београд.стр.137-145.

Новите генерациии на ученици се навукнати на телевизија, ДВД, и компјутери така што илустрациите многу повеќе го привлекуваат нивното внимание од колку пишаните текстови. Сликите остануваат како клучни зборови на кои учениците се присетуваат од прочитаниот текст.

Ликовно-графичкото обликувањ на учебниците произлегува од желбата книгата да биде привлечна за читателот, така што постои функционална врска помеѓу текстот и сликата, а со тоа и предностите кои што ги има ликовниот исказ.

Според Коменски илустрациите во книгите треба да бидат во функција на подобрување на содржината на книгите. "Книгите[26] треба да се украсат со такви наслови, кои со својата убавина ќе ги привлекуваат младите, а истовремено привлечно ќе ја истакнуваат и содржината"

[27] „Добро изработените илустрации во учебниците во голема мера можат да ја развиваат естетската култура и тоа на три начини:

со развивање на интересот и мотивацијата кај учениците;

со објаснување на она што се учи;

---

[26]Коменски понудува интересни имина за книгите.Така учебникот за I одделение да се вика "Љубичичка", за II одделение "Ружичка" и сл. А ова го има и во нашите учебници.

[27] Коменски,J.A.(1967): Голема дидактика, Белград,Завод за учебници и наставни средства на СР Србија.стр.216.

со зголемување на творечкоит однос спрема одредени содржини.“

Со илустрациите во учебникот може да се привлече вниманието на ученикот, а исто така и да се дополни основната порака во текстот.

Според Хавелка нерамнотежата во дополнување на текстот со илустрација има за последица одвлекување на вниманието на ученкиот од текстот и намалување на естетското во текстот.

Илустрацијата не може да, се проучува самостојно, независно од текстот, затоа што постои нивна меѓусебна зависност и поврзаност.

Во согласност со возраста на учениците и нивните можности Карлаварис истакнува дека се разликуваат носечки, [28]„дополнителен и краток текст, во поглед на пренесувањето на информацијата која што треба да се пренесе со поврзаноста на текстот и илустрацијата постои доминантна, рамноправна и украсна илустрација.“

Она што со сигурност може да се каже за илустрацијата е дека неможе да се проучува независно од текстот, таа е поврзана со него и зависи од неговиот карактер, или обратно од карактерот на илустрацијата зависи карактерот

---

[28] Карлаварис,Б. (1982):Учебникот како предмет на научно истражување, Завод за учебници и наставни средства, Белград,стр.110-125.

и функцијата на текстот. Со оглед на возраста на учениците постои основен, дополнителен и краток текст , во поглед на илустрациите доминантни, рамноправни и пратечки или украсни илустрации. Со помош на илустрациите учебниците стануваат попривлечни и поинтересни за учениците. Многу често се случува со помош на илустрациите да се влијае на чувствата на посматрачот , така што тој се поттикнува да ги изрази сопствените чувства , што не може тоа да се постигне само со читање на текст.

Кога станува збор за естетските аспекти на илустрациите , постојат две спротивставени гледишта.

Спрема **првото** гледиште илустрациите во учебникот постојат во фунција на педагошките барања кои се однесуваат на поголемо емоционално ангажирање на учениците, развивање на креативноста и развивање на ликовната и естетската култура на учениците.

**Второто** гледиште се заснова на илустрациите како на уметнички израз, со кој што се истакнуваат естетските вредности на преден план, така што се што е убаво може воспитно да влијае на учениците.

За надминување на спротивностите потребно е естетскиот квалитет на илустрациите да биде и воспитен квалитет во учебникот.

[29]„Како и секое уметничко дело и уметничката илустрација во учебникот треба да биде креативна, оригинална и да ја изразува уметничката сила на нилустраторот, но исто така да ги задоволи формалните барања и да ги усогласи сите елементи во композицијата. Таквата илустрација ќе биде привлечна, занимлива, ќе предизвикува емоции и доживувања и ќе одразува одредена идеја. "

За илустрациите во учебниците потребно е да се внимава на возраста на учениците и нивниот психички развој.

Децата на помала возраст обично покажуваат афинитети спрема едноставни илустрации, во кои што нема многу детали, затоа што во процесот на учење таквите илустрации им се од поголема корист.

За илустрациите во учебниците Јевтиќ истакнува дека:

[30]„уметничката вредност потребно е да се поклопува со содржината на текстот."

---

[29] Карлаварис,Б. (1982):Учебникот како предмет на научно истражување, Завод за учебници и наставни средства, Белград,стр.182.

[30] Јевтиќ, С. (1998): Визуелни вредности на учебникот, вредности на современиот учебник II, Зборник на трудови, Ужице,стр.355-365.




Компетентноста на секој вид илустрации е да ги продлабочуваат и дообајснуваат содржините. Со својата одмерена застапеност даваат квалитативна вредност на учебникот.

Задача и одговорност на секој автор при концепирањето и уредувањето на учебникот неопходно е да ја идентификува и имплицира функционалната поврзаност на текстот и илустрациите.

# II. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

## 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Учебниците по запознавање на околината од I до III одделение во деветгодишното основно образование се карактеризираат со соодветни дидактичко - методски компоненти. Кои што поаѓаат од правилниот избор на содржините кој што се темели на наставната програма и се одмерени според возраста на учениците и нивните развојни карактеристики.

Според дидактичко-методските компоненти во учебниците се посветува подеднакво внимание и на образовните и на воспитните цели, постои економичност и рационалност на содржините и истакнување на најбитното , и усогласеност на текстот со визуелните прилози, илустрациите и возраста на учениците.

Содржините во учебниците по запознавање на околината овозможуваат поврзаност со останатите наставни предмети кои што ги изучуваат учениците во овој период од деветгодишното основно образование. Содржините во учебниците по запознавање на околината овозможуваат когнитивен, социјален и емоционален развој на учениците. Се развиваат комуникациските вештини кај учениците и се оспособуваат за решавање на проблемски ситуации.

Во учебниците по запознавање на околината се користат прилози и додатоци кои содржат прашања, практични задачи, истражувачки активности, проблемски задчи, активност на часот и активности за дома. Овие содржини овозможуваат кај учениците поголема мотивираност, интелектуален развој и развој на моторичките способности.

**Предметот на истражувањето** е анализа на дидактичко-методските компоненти на учебниците по запознавање на оклината

од I до III одделение во деветгодишното основно образование кои се согледуваат преку правилниот избор на содржините и усогласеност со наставните програми, избор на обемот на содржините , времето на реализција, методско-дидактичката конзистенција на визуелните прилози и илустрациите и нивната усогласеност со возраста на учениците. Предметот на истражување се темели на

1. Согледување на фактичката состојба за правилниот избор на содржините, нивниот обем, усогласеност со наставните програми, времето потребно за реализација, илустрациите и прилозите и додатоците кои ги поттикнуваат учениците на активности.
2. Согледување на ставовите и мислењата на наставниците кон правилниот избор на содржините, нивниот обем, усогласеност со наставните програми, времето потребно за реализација, илустрациите и прилозите и додатоците кои ги поттикнуваат учениците на активности.

## 2. ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Цел на истражувањето беше да се испита и утврди колку се почитувани дидактичко-методските компоненти во учебниците по запознавање на околината од I до III одделение. Во поглед на содржините, нивниот обем, усогласеност со наставните програми, времето потребно за реализација, активностите кои се бараат од учениците, илустрациите, прилозите и додатоците.

Во поглед на карактерот на истражувањето може да се истакне дека станува збор за современо истражување кое се заснова на теоретски и емпириски докази.

Ова истражување дава можност да се унапреди теоријата и практиката во процесот на наставата по наставниот предмет

запознавање на околината, посебно за дидактичко-методската надградба и квалитативно усовршување на учебниците.

## 2.1 Задачи на истражувањето

1. Да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците за придонесот на учебниците по **запознавање на околината** во наставата.
2. Да се согледа застапеноста на текстовите, содржините во учебниците по **запознавање на околината** од I до III одделение во деветгодишното основно образование.
3. Да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците за тоа кои текстови, содржини се поприоритетни, во согласност со возраста на учениците во учебниците по **запознавање на околината** од I до III одделение.
4. Да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците за видовите на прашањата, задачите и активности во учебниците по **запознавање на околината**.
5. Да се согледаат ставовите и мислењата на наставниците за функцијата на прашањата, задачите и активностите кои се бараат од учениците во учебниците по **запознавање на околината.**
6. Да се согледаат ставовите и мислењата на наставниците за прашањата, задачите и активност од учениците според локацијата ( местото ) во текстот во учебниците по **запознавање на оклината.**
7. Да се согледаат ставовите и мислењата на наставниците за воспитно-образовното значење на прашањата , задачите и активностите на учениците во учебникот по **запознавање на оклината.**
8. Да се утврди квантитативната застапеност на прашањата , задачите и активностите што се бараат од учениците за

време на наставниот час во наставата по **запознавање на оклината.**

9. Да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците за односот на учениците кон прашањата, задачите и активностите во учебниците по **запознавање на околината** од I до III одделение.
10. Да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците за видот на илустрации што треба да ги има во учебниците по **запознавање на околината.**
11. Да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците за воспитно-образовното значење на илустрациите или визуелните прилози во учебниците по **запознавање на оклината.**
12. Да се согледаат ставовите и мислењата на наставниците за потребата од придруженост на учебниците со дидактички материјал и методски прирачник за наставниците.

# 3. ХИПОТЕЗИ

## 3.1 Генерална хипотеза

Во учебниците по Запознавање на оклината во деветгодишното основно образование се застапени различни методско-дидактички компоненти кои претставуваат индикатори за квалитет на нивното користење во наставниот процес.

Тоа се основните наставни содржини во учебниците по **запознавање на околината,** активности кои се бараат од страна на

ученикот со помош на прашања и задачи кои треба да ги реализираат, илустрации, прилози и додтоци во учебниците.

## 3.2 Помошни хипотези

1. Наставниците имаат високо мислење за потребата и придонесот на учебниците по запознавање на околината за реализација на наставата.
2. Во учебниците по запознавање на околината од I до III одделение постои различен степен на застапеност на наставните содржини или текстови кој што произлегува од наставните планови и програми.
3. Во учебниците постојат текстови , содржини кои треба да бидат приоритетни.
4. Во учебниците по запознавање на околината се застапени прашања , задачи и се бараат активности од учениците за повторување или репродукција на наученото.
5. Во учебниците по запознавање на околината се поставени прашања, барања и активности за учениците.
6. Во учебниците се води сметка за застапеноста на прашањата , барањата и активностите според локацијата ( местото ) во текстот.
7. Во учебниците се води сметка за воспитно-образовното значење на прашањата, барањата и активностите на учениците.
8. Во учебникот постојат прашања, барања и активности од учениците , и колку тие се користат на наставниот час.
9. Може да се согледа односот на учениците кон прашањата, барањата и активностите што се бараат од нив во учебниците по запознавање на оклината.

10. Во учебниците по запознавање на оклината да се сдогледа кој вид на илустрации се потребни да се користат.
11. Во учебниците по запознавање на оклината да се согледа воспитно-образовното значење што го имаат.
12. Се согледува колку е потребно учебникот по запознавање на оклината да биде придружен со дидактички материјал за ученикот и методски прирачник за наставникот.

## 4. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувањето ги идентификувавме следните варијабли:

- **независна варијабла** се учебниците по запознавање на околината од I до III одделение во деветгодишното основно образование;
- **зависна варијабла** се ставовите и мислењата на наставниците за видовите содржини , прашања и задачи, за активности кои се бараат од учениците, за илустрациите и за прилозите кои се застапени во учебниците по запознавање на околината.

## 5 . ПРИМЕРОК

За потребите на истражувањето во овој труд идентификувани се неколку субпримероци како извори на сознанија и податоци преку кои можат да се проверат поставените хипотези.

1. Субпримерок: основни училишта

2. Субпримерок: субјекти:

а) наставници

б) ученици

## 5.1. Опис на субпримероците

### а) Основни училишта

За ова истражување се избрани сите седум, 7 основни училишта од градот Прилеп. Субпримерокот основни училишта го сочинуваат следните училишта како истражувачки единици:

| **Реден број** | **Основни училишта** | **Место** | **Број на наставници** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **Кочо Рацин** | **Прилеп** | **18** |
| **2.** | **Рампо Левката** | **Прилеп** | **15** |
| **3.** | **Блаже Конески** | **Прилеп** | **10** |
| **4.** | **Кире Гаврилоски** | **Прилеп** | **10** |
| **5.** | **Гоце Делчев** | **Прилеп** | **10** |
| **6.** | **Добре Јованоски** | **Прилеп** | **24** |
| **7.** | **Климент Охридски** | **Прилеп** | **12** |
| | ***Вкупно*** | | **99** |

Субпримерокот основни училишта го сочинуваат сите основни училишта од Прилепа, за кои што е заедничко што сите седум основни училишта се дел од градска средина

### б) Субпримерок: наставници

Субпримерокот наставници во ова истражување го сочинуваат наставници од наведените основни училишта кои реализираат настава од прво до петто одделение одделение. Причини за избор на оваа структура наставници се следните:

- наставниците од прво до петто одделение веќе стекнале искуство во наставата во првиот образовен циклус на основното деветгодишно образование;
- наставниците стекнале искуство во користењето на најновата генерација учебници по Запознавање на оклината;

Овие два аргументи за ова истражување се мошне значајни бидејќи од нив како истражувачки субјекти можат да се добијат резултати кои се релевантни и тесно поврзани и условени од предметот и целта на истражувањето. Во истражувањето, сите наставници кои предаваат во првиот период во деветгодишното основно образование имаат еднакви шанси да бидат вклучени во примерокот , кој што е репрезентативен и непристрасен и се врши по случаен избор.

Со истражувањето се опфатени вкупно 99 наставници кои изведуваат настава од прво до петто одделение во деветгодишното основно образование. Субпримерокот наставници се анкетирани со инструмент кој е изработен за ова истражување.

### в) Субпримерок ученици

Овој субпримерок го сочинуваат 60 ученици кои посетуваат настава во трето одделение во основните училишта „Блаже Конески" и „Климент Охридски" во Прилеп. Основни карактеристики на овој субпримерок се:

- учениците стекнале основна јазична, математичка, музичка и картографска писменост; учениците од трето одделение стекнале искуство во користење на учебниците по Запознавање на оклината;
- степенот на самостојна работа со учебник по ЗО кај оваа возрасна структура ученици е повисоко во споредба со искуствата од почетните одделенија на основното деветгодишно образование;
- учениците на оваа возраст и училишно искуство со кое се карактеризираат можат да дадат значајни податоци за истражувањево;
- учениците на оваа возраст и училишно искуства имаат развиени вештини за комуникација која дава драгоцени сознанија за нивното мислење и ставови.

# 6 . КАРАКТЕР НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето на овој труд има нагласено емпириски карактер. Вклучени се следните истражувачки постапки поврзани со предметот и целта на истражувањето;

- анализа и проучување на релевантни теоретски извори во кои е елабориран проблемот на користење на учебниците по Запознавање на оклината во основното деветгодишно образование ; концепција и методологија за вреднување на учебниците по ЗО; дидактичко-методските компоненти на учебниците по ЗО;
- проучување и анализа на ставовите и мислењата на наставниците кои реализираат настава од прво до трето одделение во деветгодишното основно образование и претставуваат релевантен фактор во оваа проблематика;

- проучување и анализа на мислењето на учениците и согледување на искуствата на учениците кои посетуваат настава во трето одделение преку нивните директни искази во спроведеното интервју.
- Истражувањето се применува со директно интервју, но и со квалитаивни и квантитавни податоци.

# 7. МЕТОДИ И ТЕХНИКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувањето на овој труд носечка метода е **аналитичката** со нејзините варијанти:

- **аналитичко-дескриптива;**
- **аналитичко-компаративна;**
- **аналитичко-експликативна;**

Анализата е почетна, основна и најопшта метода на научното сознание. Анализата претставува мисловно, теориско и практично разделување на секој сложен предмет на сознание на неговите фактори или составни делови, моменти или аспекти.

Со методот на анализа на проблемот се пристапува со воочување на деловите и согледување на меѓусебните односи.

Со помош на методот на анализа се опишуваат дидактичко-методичките компоненти во учебниците по запознавање на околината , се прави споредба во поглед на содржините, прашањата, активностите кои се бараат од учениците и илустрациите и прилозите кои се застапени во учебниците и се образложува важноста на дидактичко-методските компоненти во

учебниците по запознавање на оклината во деветгодишното основно образование.

**Аналитичко-дескриптивната** варијанта во истражувањето е користена во описот на носечките педагошки категории и сознанија и во теоретскиот и во емпирискиот дел на трудот (опишување на учебници по Запознавање на оклината во деветгодишното основно образование, наставните планови и програми, дидактичко-методските компоненти на учебниците, односи и релации, инструменти и истражувачки примерок и ).

**Аналитичко-компаративната** варијанта е користена при споредување на бројните теории за користење на учебниците по Запознавање на оклината во деветгодишното основното образование, утврдување на разлики и сличности во ставовите и мислењата на наставниците и на учениците.

**Аналитичко-експликативната** варијанта е користена при објаснувањето на соодносите на ставовите на субпримероците во истражувањето, причините за разлики и сличности и објаснување на теоретските согледувања.

## 7.1. Техники на истражувањето

Наведените методи во ова истражување ја наметнуваат потребата од користење на следните истражувачки техники:

- **анализа на содржина**
- **анкетирање** на субпримерокот наставници;

- **интервјуирање** на субпримерокот ученици

**Анализата на содржина** е една од најстарите истражувачки техники. Оваа техника има големи можности за проучување на педагошки проблеми, и како самостојна и како помошна истражувачка техника. Со помош на техниката анализа на содржината се овозможува вреднување на учебниците од различен аспект.

Конкретно за истражувањево може да се согледаат дидактичко-методските вредности на учебниците по запознавање на оклината во деветгодишното основно образование. Основна цел на техниката анализа на содржина како истражувачка техника е да се дојде до објективно дадени факти, релевантни за предметот на проучување и истражување. Тие факти се содржани во разновидни извори , документи, за конкретново проучување во користената литература за оваа проблематика.

**Анкетирањето** е истражувачка техника која се користи за собирање податоци при што субјектите даваат писмени одговори на прашањата за конкретнава проблематика, при што се испитуваат ставовите и мислењата на наставниците за дидактичко-методските вредности на учебниците по запознавање на оклината.

## 8. ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За потребите на ова истражување се дизајнирани посебни инструменти кои соодветствуваат на целите на истражувањето и обезбедуваат податоци кои можат да обезбедат проверување на поставените хипотези.

Во истражувањето се користени следните инструменти:

- **анкетен лист** за испитување на ставовите и мислењето на наставниците;
- **протокол за интервју** на фокус група ученици од трето одделение

## 8.1. Опис на инструментите

**Анкетниот лист** наменет за испитување на ставовите и мислењето на наставниците има карактер на скалер и испитаниците потребно е да се определат за еден од дадените степени ( 1- многу придонесува, 2- малку придонесува, 3- воопшто нема придонес ). Овој инструмент се состои од 12 констатации и испитаниците треба да се определат за еден од дадените степени со заокружување на само еден степен. Заради тоа инструментот дава можност да се утврдат ставовите на наставниците од аспект на нивната секојдневна практика. Понудените констатации претставуваат проверка на искуствата на наставниците и затоа инструментот е еден вид чек-листа со која се проверуваат нивните ставови.

Истражувачки инструмент што се користи во истражувањето е **анкетниот лист - скалер** кој е изработен од 12 прашања, кои се од затворен тип.

Првото прашање се однесува на придонесот на учебниците по запознавање на околината кои го имаат во процесот на наставата.
Второто прашање се однесува на видовите текстови што е потребно да бидат застапени во учебниците по запознавање на околината.
Третото прашање се однесува на видовите текстови што треба да бидат приоритетни во учебниците. внимание и да побудат интерес кај учениците за убавото. Четвртото прашање се однесува на видовите прашања, задачи и активности во учебниците. Петтото прашање се

однесува на функцијата што ја имаат прашањата, задачите и активностите. Шесттото прашање се однесува на локацијата мастото што треба да го имаат прашањата, задачите и активностите во учебниците. Со седмото прашање се согледува воспитно-образовното значење. Осмото прашање се однесува на квантитативната застапеност на прашања, задажи и активности. Деветтото прашање се однесува на односот што го имаат учениците кон прашањата, задачите и активностите. Десеттото прашање се однесува на видот на илустрации. Единаесеттото на нивното воспитно-образовно значење. Дванаесеттото прашање се однесува на потребата од дидактички материјал и прирачник.

**Протоколот за интервју** со фокус група ученици од трето одделение од две основни училишта од градот, едното ОУ ”Климент Охридски“ од централното градско подрачје и ОУ ”Блаже Конески“ од по оддалечено место на градот се состои од 6 фокусни точки и 15 дескриптори на прашањата кои се поставени во рамките на секоја фокусна точка на инатервјуто. На прашањата се понудени одговори на кој учесниците треба да се определат за еден од понудените одговори.

## 9. ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Податоците добиени од ова истражување се обработени преку квалитативни и квантитативни постапки.

Квантитативните постапки се спроведени при анализата и интерпретацијата на резултатите добиени од анкетата на наставниците како субпримерок на истражувањето.

Квалитативните постапки се спроведени при анализата и интерпретацијата на резултатите добиени од интервјуто на фокус групата ученици.

Добиените резултати се презентирани табеларно и со хистограми со застапени фрекфенции, средна вредност и проценти по обавеното групирање, рангирање и пресметка на соодносите меѓу нивните вредности.

Во завршната фаза на анализата и интерпретацијата на резултатите направена е генерализација и заклучни согледувања со цел да се утврди степенот на проверка на поставените хипотези на истражувањето.

# III. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ

Анализата на добиените податоци е од голема важност за да се согледаат дидактичко-методските вредности на учебниците по Запознавање на околината во деветгодишното основно образование.

Се согледува придонесот на учебниците по запознавање на околината кои го имаат во процесот на наставата, видовите текстови што е потребно да бидат застапени во учебниците по запознавање на околината, кои видовите текстови треба да бидат приоритетни во учебниците, да побудат интерес кај учениците за убавото, видовите прашања, задачи и активности во учебниците, функцијата што ја имаат прашањата, задачите и активностите, локацијата местото што треба да го имаат прашањата, задачите и активностите во учебниците, воспитно-образовното значење, квантитативната застапеност на прашања, задачи и активности, согледување на односот што го имаат учениците кон прашањата, задачите и активностите, видот на илустрации и нивното воспитно-образовно значење и потребата од дидактички материјал и прирачник.

Од анализата се согледува колку учениците ги користат учебниците, како полесно учат, кои текстови, нивните ставови спрема прашањата и задачите и илустрациите.

# а) АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА АНКЕТНИТЕ ЛИСТОВИ НАМЕНЕТИ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ

**Анкетен лист**

| Степен на завршено образование кое поседувате | | Работно искуство во настава | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Више образование | Високо образование | до 5 години | до 10 години | до 15 години | до 20 години | до 25 години | над 2 годин |
| *29* | *70* | *24* | *17* | *6* | *10* | *12* | *30* |

1.

**Каков е придонесот на учебникот по запознавање на околината во деветгодишното основно образование**

**а)**




| **Каков е придонесот на учебникот по запознавање на околината во деветгодишното основно образоване** | **Многу придонесува** | **Малку придонесува** | **Воопшто нема придонес** |
|---|---|---|---|
| а) Реализирање на наставната програма | 77 | 22 | 1 |
| **%** | 77% | 22% | 1% |

Во поглед на првото прашање од анкетниот лист Каков е придонесот на учебникот по запознавање на околината во деветгодишното основно образование под **А** во поглед на реализирање на наставните програми може да се согледа дека 77% од наставниците истакнале дека учебникот многу придонесува во реализирање на наставната програма, 22% истакнале дека придонесот е мал, и 1% истакнале дека учебникот нема придонес во реализирањето на наставната програма.

Од добиените податоци се согледува дека учебникот на наставниците многу им помага во реализирање на наставната програма, тоа се потврдува со високиот процент од 77% , дека учебникот многу придонесува во реализирање на наставната програма.

**б)**

**Каков е придонесот на учебникот по запознавање на околината во деветгодишното основно образование**



| **Каков е придонесот на учебникот по запознавање на околината во деветгодишното основно образование** | **Многу придонесува** | **Малку придонесува** | **Воопшто нема придонес** |
|---|---|---|---|
| б) Поддршка на наставникот во планирање, организирање и реализирање на наставата | 99 | 0 | 0 |
| **%** | 100% | 0% | 0% |

На првото прашање под **Б** сите 99 наставници се согласуваат или 100% од испитаниците истакнале дека придонесот на учебникот е многу голем во планирање, организација и реализирање на наставата.

Со високиот проценат се потврдува првата хипотеза дека учебникот многу придонесува во планирање, организација И реализација на наставата.

**в)**

**Каков е придонесот на учебникот по запознавање на околината во деветгодишното основно образование**




| **Каков е придонесот на учебникот по запознавање на околината во** | **Многу придонесува** | **Малку придонесува** | **Воопшто нема придонес** |
|---|---|---|---|
| в) Развивање на интерес кај ученикот | 80 | 19 | 0 |
| **%** | 81% | 19% | 0% |

На првото прашање под **В** може да се согледа дека 81% од испитаниците истакнале дека учебникот многу придонесува во развивање на интерес кај ученикот, 19% од испитаниците истакнале дека малку придонесува.

Од добиениве резултати се согледува дека учебникот многу придонесува во развивање на интерес кај ученикот.

г)

**Каков е придонесот на учебникот по запознавање на околината во деветгодишното основно образование**




| **Каков е придонесот на учебникот по запознавање на околината во** | **Многу придонесува** | **Малку придонесува** | **Воопшто нема придонес** |
|---|---|---|---|
| г) Формирање на знаења, умеења и способности кај ученикот | 89 | 9 | 1 |
| **%** | 90% | 9% | 1% |

На првото прашање под **Г** 90% од испитаниците истакнале дека учебникот многу придонесува во формирање на знаења, умеења и способности кај ученикот, 9% истакнале дека има мал придонес , а само 1% дека воопшто нема придонес.

Високиот процент од 90% потврдува дека учебникот многу придонесува во формирање на знаења, умеења и способности кај ученикот.

**д)**

**Каков е придонесот на учебникот по запознавање на околината во деветгодишното основно образование**



| **Каков е придонесот на учебникот по запознавање на околината во** | **Многу придонесува** | **Малку придонесува** | **Воопшто нема придонес** |
|---|---|---|---|
| д) Иницирање на креативност кај ученикот | 75 | 24 | 0 |
| **%** | 76% | 24% | 0% |

На првото прашање под **Д** 76% од испитаниците истакнале дека придонесот на учебникот е многу голем во иницирање на креативност кај ученикот, 24% од испитаниците истакнале дека тој придонес е мал.

Според добиените резултати висок е процентот на наставниците кои одговориле дека учебникот има голем придонес во иницирање на креативност кај ученикот.

2.

**Кои видови на текстови треба да бидат застапени во учебникот по ЗО**




| **Кои видови на текстови треба да бидат застапени во учебникот по ЗО** | **а) Научен текст** | **б) Информативен текст** | **в) Научно-информативен текст** |
|---|---|---|---|
| **Број на испитаници** | 5 | 17 | 77 |
| **%** | 5% | 17% | 78% |

Во поглед на второто прашање Кои видови на текстови треба да бидат застапени во учебникот по запознавање на околината добиени се следните согледувања 78% од испитаниците истакнале дека се за научно-информативен текст, 17% за информативен и 5% за научен текст.

Од добиените резултати се потврдува втората хипотеза за застапеноста на текстовите, и високиот процент од 78% , со кој се потврдува дека наставниците се за научно-информативни текстови.

**3.**

**Кој вид на текст треба да биде приоритетен во учебникот по Запознавање на околината**



| Кој вид на текст треба да биде приоритетен во учебникот по ЗО | а) Научен текст | б) Информативен текст | в) Научно-информативен текст |
|---|---|---|---|
| Број на испитаници | 4 | 17 | 78 |
| % | 4% | 17% | 79% |

Според третото прашање Кој вид на текст треба да биде приоритетен во учебникот по Запознавање на околината , од понудените алтернативи се изјасниле за научно-информативен текст 79%, информативен 17% и научен текст 4% од испитаниците.

Од добиениот висок процент, 79% од наставниците сметаат дека приоритетни текстови во учебниците треба да бидат научно-информативните текстови со што се потврдува третата хипотеза.

**4.**

**Кои видови на прашања, задачи треба да бидат застапени во учебникот по ЗО**




| **Кои видови на прашања, задачи треба да бидат застапени во учебникот по ЗО** | **а) Репродуктивни прашања, задачи и вежби** | **б) Продуктивни прашања, задачи и вежби** |
|---|---|---|
| **Број на испитаници** | 29 | 70 |
| **%** | 30% | 70% |

Во поглед на четвртото прашање Кои видови на прашања, задачи треба да бидат застапени во учебникот по запознавање на околината се согледа следното 70% од испитаниците се изјасниле

дека се за продуктивни прашања и задачи и 30% од испитаниците се изјасниле дека се за репродуктивни прашања, задачи и вежби.

Од добиените резултати поголем е процентот на наставниците кои се за употреба на продуктивни прашања, задачи и вежби во учебниците по запознавање на околината.

**5.**

**-Која е функцијата на прашањата, барањата и активностите во учебникот по ЗО**

**а)**



| **Која е функцијата на прашањата, барањата и активностите во учебникот по ЗО** | **Многу придонесува** | **Малку придонесува** | **Воопшто нема придонес** |
|---|---|---|---|
| а) Ученикот да ги повтори изучените содржини | 80 | 19 | 0 |
| **%** | 81% | 19% | 0% |

Во поглед на петтото прашање Која е функцијата на прашањата, барањата и активностите во учебникот по Запознавање на околината за констатацијата под **а** 81% од испитаниците се изјасниле дека учебникот многу придонесува ученикот да ги повтори изучените содржини, 19% истакнале дека тој придонес е мал.

Од добиените резултати се согледува дека висок е процентот 81% , од наставниците кои сметаат дека функцијата на прашањата, барањата и активностите во учебникот по ЗО е дека ученикот ги повторува изучените содржини.

**-Која е функцијата на прашањата, барањата и активностите во учебникот по ЗО**

**б)**




| **Која е функцијата на прашањата, барањата и активностите во учебникот по ЗО** | **Многу придонесува** | **Малку придонесува** | **Воопшто нема придонес** |
|---|---|---|---|
| б) Кај ученикот да се поттикне систематизација на знаењата и нивна практична примена | 81 | 18 | 0 |
| **%** | 82% | 18% | 0% |

За констатацијата под **б** 82% од испитаните се изјасниле дека учебникот многу придонесува кај ученикот да се поттикне систематизација на знаењата и нивна практична примена, 18% од нив истакнале дека придонесот е мал.

Висок е процентот на наставниците , 82% кои мислат дека функцијата на прашањата, барањата и активностите во учебникот по запознацање на оклината е кај ученикот да се поттикне систематизација на знаењата и нивна практична примена.

**-Која е функцијата на прашањата, барањата и активностите во учебникот по ЗО**

**в)**



| **Која е функцијата на прашањата, барањата и активностите во учебникот по ЗО** | **Многу придонесува** | **Малку придонесува** | **Воопшто нема придонес** |
|---|---|---|---|
| в) мотивирање на ученикот за откривање на нови знаења | 79 | 19 | 1 |
| **%** | 80% | 19% | 1% |

На прашањето под **в** за прашањата и активностите од учебникот по ЗО дали го мотивираат ученикот за откривање на нови знаења 80% од испитаниците истакнале дака многу придонесува, а 19% дека тој придонес е мал и само 1% дека нема воопшто придонес.

Висок процент на испитаници, 80% истакнале дека функцијата на прашањата, барањата и активностите во учебникот по ЗО се состои во мотивирање на ученикот за откривање на нови знаења.

**-Која е функцијата на прашањата, барањата и активностите во учебникот по ЗО**

г)




| **Која е функцијата на прашањата, барањата и активностите во учебникот по ЗО** | **Многу придонесува** | **Малку придонесува** | **Воопшто нема придонес** |
|---|---|---|---|
| г) развивање на сознајно-аналитички и истражувачки способности кај ученикот | 82 | 17 | 0 |
| % | 83% | 17% | 0% |

На прашањето под **г** дека функцијата на учебникот е да ги развие сознајно-аналитичките,комуникацииските и истражувачки способности кај ученикот , 83% од испитаниците истакнале дека учебникот многу придонесува, 17% од испитаниците истакнале дека таа функција е мала.

Голем процент од наставниците, 83% истакнаа дека учебникот многу придонесува во развивање на сознајно-аналитички и истражувачки способности кај ученикот со помош на прашањата, барањата и активностите кои ги има во учебникот, тоа придонесува за репродуцирање на наученото и откривање на ново со што се поткрепува поставената хипотеза.

**6**

**-Каква треба да биде застапеноста на прашањата според локацијата ( местото ) во текстот може да се согледа**



| Каква треба да биде застапеноста на прашањата според локацијата ( местото ) во текстот | а) воведни - пред текстот | б) со текстот | в) на крајот - по текстот |
|---|---|---|---|
| Број на испитаници | 21 | 35 | 43 |
| % | 21% | 35% | 44% |

Во поглед на шесттото прашање Каква треба да биде застапеноста на прашањата според локацијата ( местото ) во текстот може да се согледа дека 21% воведни пред текстот, 42% со текстот и 37% на крајот по текстот.

Во поглед на локацијата на прашањата постои подвоеност во размислувањата на наставниците, сметам дека повозрасните наставници повеќето се определија прашањата да се после текстот, во проценти изразено 44% од наставниците.

